„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 13.20 ЧАСОТ НА МТВ 1
ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ
ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

17 февруари 2023 година
број 174-175

Година XVI Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660
NLB Banka

## Потврдена определбата на Владата за постојана грижа за стандардот на пензионерите

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски заедно со министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, на 11.1.2023 година, се сретнаа со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова и со претставници на Сојузот.



Премиерот Ковачевски и министерката Тренчевска ја оствариja средбата во Сојузот со цел да ги потврдат определбите на Владата за конкретна и постојана грижа за стандардот на пензионерите. На средбата претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова изрази задоволство за одржување на оваа значајна средба како и за големата помош и поддршката од Владата и Министерството за труд и социјална политика што им ја даваат на пензионерите. Во своето концизно и елоквентно излагање таа издвои само три прашања, односно проблеми, како најбитни за пензионерите во овој момент иако како што рече, постојат повеќе прашања кои би сакала да ги каже, но ќе останат за некоја идна ваква средба.

– Најпрво сакам да ја изразам нашата благодарност и задоволство што и Владата и МТСП во Сојузот гледаат активен чинител во решавање на проблемите на пензионерите. Покрај редовната исплата, и редовното усогласување според новата методологија, изразуваме благодарност што и во антикризните мерки што беа донесени, не беа заобиколени и корисниците на пензија. Сојузот согледувајќи го функционирањето на методологијата и како таа се одразува на висината на пензијата и исплатата на пензиските примања, подготви нови предлози за натамошно унапредување на формулата за усогласување на пензиите.

На присутните им се обрати премиерот Димитар Ковачевски кој меѓу другото рече:

– Со оваа средба со раководството на Сојузот јас и министерката за труд и социјална политика сакаме да потврдиме дека партнерски продолжуваме да се грижиме за животниот стандард на пензионерите, преку системски и одговорни политики.

На присутните им се обрати и министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска која рече:

– Барањата кои ги имаме добиено од СЗПМ и коишто се во интерес на пензионерите и подобрување на нивниот животен стандард, преку дијалог со СЗПМ, ќе видиме што е реално и остварливо и ќе се обидеме да ги реализираме.

▶ Стр. 2



## Годишна конференција на Владата „Година на нови можности“

Во хотелот „Александар Палас“ на 30 и 31 јануари 2023 година се одржа годишна конференција со наслов „ГОДИНА НА НОВИ МОЖНОСТИ“

Првиот ден, на 30 јануари 2023 беше Свеченото отворање на конференцијата. Воведно обраќање имаше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски. По неговото обраќање следеше видео пресек на владините мерки и случувања во 2022 година.

На 30 јануари на Конференцијата имаше 4 панели.

Панел 4 беше под наслов: „Социјални и здравствени политики во време на криза“, а зборуваа:

Јована Тренчевска, министерка за труд и социјална политика

Беким Сали, министер за здравство

Д-р Ана Данева, советник во Кабинетот на премиерот Масимилијано Паолучи, директор на Светска банка во Република Северна Македонија

Росана Дуџиак, постојан координатор на Организацијата на Обединети нации во Република Северна Македонија

Станка Трајкова, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Во своето излагање претседателката Трајкова зборуваше за усогласување на пензиите, за изградба на старски домови, за здравствената заштита и друго.

▶ Стр. 3

## Потпишан Меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет - Скопје и СЗПМ




На 3.2.2023 година во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одржа средба помеѓу претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и деканот на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје проф. д-р Ќиро Ивановски и нивните соработници.

На средбата беше потпишан Меморандум помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Соработката ќе се реализира од страна на студентите на Стоматолошкиот факултет за време на практичната настава, а под надзор на наставниот кадар на Факултетот, по претходно известување за максималниот број пациенти во текот на семестарот.

Активности што се од заеднички интерес, дефинирани во Меморандумот ќе обезбедат:

- бесплатни прегледи/интервенции за граѓаните од трета доба;
- навремена превенција од стоматолошки заболувања;
- подигнување на јавната свест во насока на грижа за оралното здравје.

Во прво време ќе бидат опфатени пензионерите од Скопје, каде што живеат околу 100 илјади пензионери организирани во 14 здруженија, а во иднина проектот по направени анализи и согледувања, може да се прошири и на другите градови односно здруженија.

▶ Стр. 2

**Терминот на емитување на емисијата „Трета доба“ се менува и не е постојан од програмски причини на МТВ**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ НА СЗПМ стр. 2 и 3
АКТИВНОСТИ И НАСТАНИ стр. 4 и 5

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП СТРУГА стр. 7

ТРАДИЦИОНАЛНА ПРАЗНИЧНА АТМОСФЕРА ВО ПЕНЗИОНЕРСКИОТ КЛУБ стр. 8
ПРОСЛАВИ И ПРАЗНУВАЊА стр. 9
КУЛТУРА стр. 10
МОЗАИК стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВЈЕ стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ОГРЕВНО ДРВО НА РАТИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
23 март
- Прилог за пензионери во „Коха“
31 март
„Пензионер плус“

**Во периодот од 17 до крајот на февруари следуваат следните активности:**

Седница на Надзорниот одбор
Седница на Извршниот одбор
Седница на Собрание на СЗПМ




Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Потврдена определбата на Владата за конкретна и постојана грижа за стандардот на пензионерите

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски заедно со министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, на 11.1.2023 година, се сретнаа со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова и со претставници на Сојузот.




Премиерот Ковачевски и министерката Тренчевска ја остварија средбата во Сојузот со цел да ги потврдат определбите на Владата за конкретна и постојана грижа за стандардот на пензионерите.

На средбата претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова изрази задоволство за одржување на оваа значајна средба како и за големата помош и поддршката од Владата и Министерството за труд и социјална политика што им ја даваат на пензионерите. Во своето концизно и елоквентно излагање таа издвои само три прашања, односно проблеми, како најбитни за пензионерите во овој момент иако како што рече, постојат повеќе прашања кои би сакала да ги каже, но ќе останат за некоја идна ваква средба, и рече:

– Најпрво сакам да ја изразам нашата благодарност и задоволство што и Владата и МТСП во Сојузот гледаат активен чинител во решавање на проблемите на пензионерите. Покрај редовната исплата, и редовното усогласување според новата методологија, изразуваме благодарност што и во антикризните мерки што беа донесени, не беа заобиколени и корисниците на пензија. Сојузот согледувајќи го функционирањето на методологијата и како таа се одразува на висината на пензијата и исплатата на пензиските примања, подготви нови предлози за натамошно унапредување на формулата за усогласување на пензиите. Се предлага во текот на годината зголемените пензии да се исплатуваат за сите 12 месеци во годината. Со тоа би се постигнала уште една значајна работа, а тоа е ставање во еднаква правна положба на сите пензионери коишто право на пензија остваруваат во тековната година. На тој начин би немало разлика во нивоата на пензиите кои би биле остварени под исти услови.

Исто така, би сакала да го истакнам барањето да се создаде правен основ за дегресивно усогласување на пензиите, односно пониските пензии да се усогласуваат со повисок процент, но само во одделни периоди. Имаме предлог и за износот на најниската пензија. Ова прашање предлагаме да се решава во рамките на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, но овој предлог би го елаборирале на некоја од наредните средби.

Вториот значаен проблем или прашање се пензионерските објекти во државата. Сојузот подготви информација за состојбата со овие објекти во која даде свои заклучоци. Прв заклучок е да се донесе Национална програма на ниво на Владата со која во рамките на измените на Законот за здруженија и фондации, би се нашло решение за отстапување на пензионерските објекти на трајно користење на здруженијата на пензионери, бидејќи сметаме дека тие најдобро ќе се грижат за нив, а истите се градени со средства на пензионерите.

Како трето, сакам да изразам благодарност на Владата што Сојузот доби статус на субјект од јавен интерес како граѓанска организација која опстанува и функционира цели 75 години и е активен чинител во општеството во повеќе сфери. Ова за Сојузот е признание од големо значење, бидејќи Сојузот со ова добива корисни придобивки.

На присутните им се обрати премиерот Димитар Ковачевски кој меѓу другото рече:






– Со оваа средба со раководството на Сојузот јас и министерката за труд и социјална политика сакаме да потврдиме дека партнерски продолжуваме да се грижиме за животниот стандард на пензионерите, преку системски и одговорни политики.

Во минатата година пензионерите покрај покачување на пензиите добија и времена финансиска поддршка во рамките на антикризните мерки.

Пензионерите во 2023 година влегуваат со повисоки пензии за околу 10%. Ова е историско покачување на пензиите и тоа за период од само една година. Следува ново усогласување на пензиите во 2023 година, во месец март, според трошоците за живот и порастот на просечната плата. Оваа методологија, ја утврдивме заедно со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На овој начин осигуривме заштита на пензионерите во осцилациите на трошоците за живот и ги поврзавме покачувањето на пензиите со покачувањата на просечната плата. Секако дека секогаш може и треба повеќе. Затоа, доколку се покаже потребно, повторно ќе интервенираме, со цел да го заштитиме животниот стандард на пензионерите. Интервенираме со краткорочни мерки кога е потребно, но истовремено носиме одржливи решенија, од коишто придобивките се на долг рок, и така продолжуваме да работиме, но ќе разгледаме и вашите предлози. Кога ги носевме антикризните мерки најголем поборник за дополнителна финансиска помош на пензионерите со најниски пензии беше министерката за труд и социјална политика.

Во однос на барањето за пензионерските објекти секаде каде што можеме, а кои се во сопственост на РСМ и нема законски пречки, ќе помогнеме проблемите да бидат решени.

Што се однесува до добивање на Статус од јавен интерес на Сојузот тоа Сојузот го заслужува како субјект кој е значаен и од стратешки интерес за Владата и за државата.

На присутните им се обрати и министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска и рече:

– Барањата кои ги имаме добиено од СЗПМ и коишто се во интерес на пензионерите и подобрување на нивниот животен стандард, преку дијалог со СЗПМ, ќе видиме што е реално и остварливо и ќе се обидеме да ги реализираме.

Потоа Премиерот и Министерката ја разгледаа библиотеката на пензионерите.

На крајот имаше прес–конференција на која Премиерот Ковачевски и Претседателката Трајкова дадоа изјави пред присутните новинари од електронските и пишаните медиуми за прашањата за кои се разговараше на средбата.

**Калина С. Андонова**

# Потпишан Меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија




На 3.2.2023 година, во просториите на Сојузот потпишаа Меморандум за соработка.

Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 3.2.2023 година, во просториите на Сојузот потпишаа Меморандум за соработка.

Со Меморандумот е предвидено унапредување на оралното здравје кај пензионерите преку преземање куративни и превентивни мерки од страна на студентите на Факултетот, а под надзор на наставниот кадар во рамките на практичната настава. Носители на активностите за имплементација на овој Меморандум се ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија на подрачјето на град Скопје.

На настанот, од страна на Стоматолошкиот факултет во состав на УКИМ присуствуваше деканот, проф. д–р Ќиро Ивановски, продеканката за настава проф. д–р Сања Панчевска и секретарот на Факултетот, д–р



Влатко Коколански, а од страна на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија присуствуваше претседателката Станка Трајкова, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку и претседатели на здруженијата од територија на град Скопје.

Согласно склучениот меморандум за соработка помеѓу Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, овозможени се бесплатни стоматолошки прегледи и стоматолошки услуги за граѓаните од третата доба, во рамки на практичната настава на студентите.

Заинтересираните пензионери можат да закажат бесплатен стоматолошки преглед




на следниот телефонски број: 071/223–320, секој работен ден во период од 8:00 до 14:00 часот. Стоматолошките прегледи ќе се спроведат од 20.2.2023 до 24.2.2023 година во претходно закажаниот термин.

**д-р Влатко Коколански**

Годишна конференција: „Година на нови можности“

# Панел-сесија: Социјални и здравствени политики во време на криза




Во рамките на панел–конференцијата, која се одржа кон крајот на месец јануари 2023 година, организирана од Владата на Република Северна Македонија, со наслов „Година на нови можности“, темата на четвртата панел–сесија беше „Социјални и здравствени политики во време на криза“ на која се дебатираше за ефектите од антикризните мерки, воведувањето на новите методологии за раст на минималната и просечната плата, новата методологија за раст на пензиите, како и за здравствените политики во изминатата и следната година. Модератор на сесијата беше проф. д–р Наташа Станојковска Трајковска, продекан на Филозофскиот факултет.



Во четвртиот дел од панел-сесијата свое излагање имаа: Министерот за здравство, Беким Сали. Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска. Советничката за здравство на претседателот на Владата на РСМ, Ана Данева Маркова. Масимилијано Паолучи, директор на Светска банка во РСМ. Постојаната координаторка на ОН во РСМ, Росана Дуџиак. На панел–сесијата свое обраќање имаше и Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова, која истакна:

– Почитувани, во оваа прилика, јас би рекла дека, како е организиран и како функционира еден пензиски систем, е значајно прашање и од општ интерес за државата. Нашиот македонски пензиски систем е реформиран и во него е вклучена капитална компонента како задолжително капитално финансирано пензиско осигурување – втор столб и втор и трет столб – доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Главните карактеристики на еден пензиски систем кои се вградени во нашата правна рамка се: целите, како и кој е покровител како главен ентитет, кој ги контролира средствата на пензискиот систем, кој е вклучен во него, кој ги плаќа придонесите и заменската стапка, кој ризикува, улогата на платата вклучена при определување на висината на пензијата и индексирањето, односно усогласувањето на пензијата. Во нашиот пензиски систем задолжително се вклучени сите вработени и во актуелниот момент како што слушнавме има 333 000 пензионери по сите основи, старосни, семејни и инвалидски. Во изминатиот период во услови на пандемија и сега во постпандемски период се обезбедуваше редовна исплата на пензијата и тековно усогласување на пензијата. Според најновите податоци, просечната пензија изнесува 15.520, а учеството на просечната пензија во просечната плата во моментот е 53,07%. Познато е дека овој соодност е мерило за вредноста на пензијата, односно ако просечната пензија е под 60% претставува „аларм“ за преземање соодветни мерки, за подобрување на тој соодност. Изворните приходи, со кои се обезбедува исплата на пензиите зависи од активните осигуреници кои плаќаат придонес, кој соодност е 1:2. Инаку, според објавените податоци се очекува пензиите да се зголемат за околу 8%.



Заслужува да се каже дека СЗПМ, како граѓанска организација, за првпат во своето дејствување имаше можност да учествува во креирање на новата методологија, односно новиот начин на усогласување на пензиите со дел од порастот на платите и трошоците, во еднаков процент. Меѓутоа, Сојузот продолжи да ја следи новата методологија за усогласување на пензиите како таа се реперкуира на висината на пензијата, и Сојузот веќе има нови предлози и особено значаен е предлогот пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и први јули во тековната година и така пензијата тековно усогласена ќе се исплатува за сите 12 месеци. На овој начин, ќе се надмине проблемот во создавање разлики во нивоата на пензијата меѓу пензионерите кои во тековната година остваруваат пензија под исти услови. Овој предлог е фер, коректен и предлагаме при прва измена на ЗПИО да се изврши измена на добро познатиот член 37. За овие предлози Сојузот ќе подготви и предлог на законски формулации. Не стои аргументот дека пензиите да се усогласуваа од 1 март и 1 септември заради податоците за порастот на трошоците на животот и платите, тековното усогласување може да се исплати како разлика. Во фокусот на Сојузот, се ниските пензии, односно многу важен податок е зошто тој број е доста голем и притоа јас би рекла дека ниските пензии ги генерира самиот пензиски систем, а и придонесуваат и самите вработени, и тоа прашање за да се дебатира, потребно е повеќе време. Верувам дека и тоа ќе се случи а јас само ќе додадам дека, преку пензискиот систем не треба да се решава вработување или социјални прашања и несомнено е дека е потребна кампања меѓу младите од што зависи нивната пензија, односно ануитет. Факт е дека младите мислат дека староста е далеку, но таа брзо доаѓа. Кога станува збор за заштита на пензионерите како огромна целна група, покрај исплатата на пензијата многу значајни се и мерките што треба да се преземат надвор од пензискиот систем. Во оваа времена преклопена криза – економска, демографска, енергетска, беа и антикризните мерки во кои беа вклучени и пензионерите, особено оние со пониски пензиски примања, а на наше задоволство на Сојузот му беше дадена можност да партиципира со свои предлози, барајќи помошта да се одвива на 3 нивоа – државата, општината и здруженијата на пензионери. Се знае дека антикризните мерки се краткорочни решенија но пензионерите предлагаат и долгорочни решенија, особено во доменот на здравственото осигурување, како што е потребата од донесување на нова Позитивна листа на лекови која 15 години не е ажурирана, истовремено функционирање на теренскиот лекар и подвижна аптека во рурални средини, подигање на лимитот, односно висината на пензијата за ослободување од партиципација при болничко лекување, прашањето на дефицит на геријатриски простор, бидејќи доаѓа време кога старото лице треба таму да се смести. Да не заборавам да ја истакнам во оваа 2023 година како ГОДИНА НА НОВИ МОЖНОСТИ, да се поддржува и изградба на старски домови кои ќе одговараат на висината на пензиските давања, а клучно и значајното барање на пензионерите е постепено да им се отстапуваат пензиските објекти изградени со средства на пензионерите на здруженијата на пензионери, бидејќи во денешно време утопија е да се градат такви објекти за граѓанските организации. И во оваа прилика ќе речам дека листата на прашања која е долга Сојузот како легитимен претставник на интересите на пензионерите ќе продолжи да ги бара, реактивира, односно повторува не затоа што сме возрасни и забораваме, туку да стигне до оние субјекти кои се надлежни тоа прашање да го решат, – нагласи Трајкова.

**Васил Пачемски**

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 09-02-2023

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 03-02/53
8.2. 2023 год.
СКОПЈЕ

**ДО**
**МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Дополнување на дописот за нови предлози за усогласување на пензиите**

Со дописот број 03–02/1 од 10.1.2023 Ве информиравме за новите предлози за усогласување на пензиите како и за примената на тековното усогласување на пензијата во годината кога се остварува правото на пензија, а истата е пресметана на вредности на ниво на 2021 година.

1. Со овој допис преку пример ќе илустрираме дека во нееднаква правна положба се ставаат пензионерите во првата тековна година кога го остваруваат правото на пензија, после 1 септември во тековната година.

Во случајот се зема постојната регулатива на членот 37 од ЗПИО за пензионер кој пред и по 1 септември остварил право на пензија. За едниот и за другиот пензионер сите плати од кои се пресметува пензијата се сведуваат со валоризациони коефициенти пресметани од просечна плата на ниво на 2021 година.

Така, пресметаната пензија за едниот од другиот пензионер изнесува 28.718 денари и индексирана со коефициент 1.0425 изнесува 29.943 доведена на ниво на месец декември 2021 година.

На пресметаната пензија на месечно ниво согласно со член 37 од ЗПИО и следува усогласување со дел од порастот на трошоците на животот и платите за период од јануари – јуни 2022 година во однос на претходното полугодие јули – декември 2021 година.

Пресметаното усогласување изнесува 6,8 % и следува од 1 септември 2022 година, без оглед на тоа кога во тековната година е остварено правото на пензија, пред или по 1 септември.

Така, ако пензијата од 29.943 денари е остварена до 30 август во практичната примена на членот 37 таа е зголемена со 6,8% и инесува 31.979 денари месечно. Меѓутоа, пензијата на друг пензионер од 29.843 денари, која е остварена после 1 септември 2022 година, и покрај тоа што е пресметана и индексирана со исти вредности како и за пензионерот кој остварил право на пензија до 30 август во тековната година, во „старт“ е помала за 2.036 денари. Ваквата примена на членот 37 во однос на тековното усогласување на пензијата во првата година кога се остварува правото на пензија, генерира разлики во нивоата на пензиите и револт кај пензионерите.

Исто така, сметаме дека пензиите што ќе се остварат во јануари и февруари во тековната година подлежат на усогласување само од 1 септември бидејќи порастот на дел од трошоците на животот и порастот на платите за период јули – декември во однос на претходното полугодие е остварено преку валоризациони коефициенти при пресметување на пензијата. Доколку, во практика при примена на член 37 пензиите остварени во јануари и февруари се усогласат од 1 март, а потоа и од 1 септември тие се привилегирани неосновано во однос на другите пензии остварени во кој било период од тековната година.

Повторно, се нагласува дека сите пензии остварени од 1 јануари до 30 декември во тековната година подлежат на тековно усогласување што следува од 1 септември и така сите пензионери кои оствариле право во тековната година се ставени во иста правна положба во однос на тековното усогласување.

Ова информирање Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија го дава како последица на реакции на пензионери кои во 2022 година оствариjа право на пензија.

2. Во однос на новите предлози за унапредување на формулата за усогласување на пензиите како и правилна примена на тековното усогласување се предлагаат соодветни измени и дополнувања на членот 37 од ЗПИО, кои гласат:

Член 1

„Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на Република Северна Македонија број 98/12,166/12,15/13,170/13,43/14,44/14,97/14,113/14,160/14,188/14,20/15,61/15,97/15,129/15,147/15,154/15,173/15,217/15,27/16,120/16,132/16,35/18,220/18, и 245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/19,275/19,31/20,267/20 и 67/22 во член 37 во ставот (2) зборовите „на 1 март и 1 септември“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јануари и од 1 јули“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

Пензијата од став (1) на овој член остварена во првата тековна година се усогласува од 1 јули според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи (јануари – јуни во однос на јули – декември).

Ставовите (3) и (4) стануваат (5) и (6).
Ставовите (4) и (5) се бришат.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ

Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија
Претседател
Станка Трајкова

**Забелешка:** Во текстот користени се податоци за просечна плата, просечна пензија, валоризациони коефициенти и индекс за сведување на месечно ниво на ниво на 2021 година.

ЗП Центар

# Конституирано новото Собрание и другите органи



На 18 јануари 2023 година во просториите на здружението, се одржа конститутивната седница на новоизбраното Собрание на ЗП Центар. Истата ја водеше досегашната претседателка Љубинка Крстева. Откако се избра работното претседателство, членовите на Собранието едногласно го донесоа Деловникот за работа на конститутивната седница на Собранието, а потоа ја избраа и Верификационата комисија која по куса пауза го поднесе извештајот за верификација на избраните членови на Собранието.

На седницата се избра и Кандидационата комисија од три члена. Комисијата ја предложи Љубинка Крстева за претседател на Собранието, а за потпретседател Богомир Јанев. Предлогот беше едногласно усвоен. Едногласно беше усвоен и предлогот на Кандидационата комисија делегати од здружението во Градскиот сојуз да бидат Борче Караев, Томислав Татабитовски и Гордана Становска. За делегати во Собранието на СЗПМ беа предложени Дончо Герасимовски и Миле Цветановски.

На седницата воведно излагање за работата на Собранието поднесе претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски. Тој истакна дека за една година, колку што беше на чело на здружението, доста е направено, односно ЗП Центар е активно во повеќе активности, а пред сè подобрена е соработката со Општина Центар, со градоначалникот и неговите соработници, зголемен е бројот на активностите со локалната самоуправа, а најважно секако е отворањето на два нови клуба на пензионерите од Центар. Наредниот ќе биде отворен оваа година, истакна претседателот Злате Стефановски. И во овој период работата на Здружението продолжи да се одвива по нагорна линија, во насока на подобрување на животот на пензионерите од општината и подобрување на нивниот стандард, подобрување на здравјето, физичките и спортските активности, и помош особено на оние на кои им е потребна дополнителна материјална поддршка.

Здружението активно учествува и во реализација на активностите за квалитетно исполнување на пензионерските денови на своите членови. Со сè што прави, успева да ја разбие монотонијата во пензионерскиот живот со организирање на посети на историски знаменитости и на природните убавини на нашава земја и пошироко. Програмата рече претседателот Стефановски е отворена за дополнување преку целата година.



На седницата се конституираше Извршниот одбор, три членови во Надзорниот одбор, и три членови во Комисија за статутарни и други правни прашања.

На крајот, новоизбраниот Извршен одбор на својата прва седница за претседател на ЗП Центар, едногласно го избра Злате Стефановски, кој успешно ја извршуваше оваа функција и во изминатата година.

**Цветанка Илиева**

ЗП Куманово

# Работењето на раководството на Здружението под лупа

На последната седница на Собранието на Здружението на пензионерите од Куманово, што се одржа на 29.12.2022 година, делегатите открија дека функционерите претседателот Благе Јакимовски, потпретседателот Ѓорѓи Лититаров и секретарот Гордица Бошковска незаконски си ги зголемиле хонорарите за 2.000 денари, со што ги злоупотребиле одредбите од Статутот на ЗПК. Имено, како трета точка од Дневниот ред, се најде Иницијативата за утврдување одговорност на раководството, поради основано сомневање дека е направена злоупотреба на Статутот. Претседателот на Извршниот одбор Благе Јакимовски сам си потпишал Одлука за зголемување надоместоци на 20 декември 2021 година, повикувајќи се на Одлука од 2012 година, која е укината во 2016 година. Според постоечката Одлука од 2016 година висината на надоместоци за претседателот е 12.000 денари, за потпретседателот 11.000 денари и за секретарот 10.000 денари. Секретарот како дипломиран правник, требало да го советува и предупреди претседателот на ИО на ЗПК дека тој нема надлежност за донесување таква одлука, дека тоа може само Собранието (согласно со член 16 став 1 алинеја 11 од Статутот). За оваа одлука знаел и потпретседателот, но и тој не се спротивставил на зголемувањето. Па така, Благе Јакимовски сам одлучил дека тој треба да зема надоместок во висина од 14.000 денари, потпретседателот и секретарот по 12.000 денари. Освен оваа повреда на Статутот, направена е уште една, споменатото раководство си исплаќало надоместоци и за присуство на седниците на Собрание во висина од 1.000 денари скоро две години. На овој начин тие направиле уште една повреда, зашто согласно со Одлуката за единствени критериуми за материјално и финансиско работење на СЗПМ и Здружението не им следуваат надоместоци на функционери за присуство на седници.



Ова е потврдено и со вонредна контрола од страна на Надзорниот одбор, кој на барање на Извршниот одбор извршил проверка на постоење на спорните одлуки, кои се чувани во Архивата на ЗП Куманово, при што е констатирано дека е направена грешка. На седницата зборуваше и секретарот Бошковска, која информираше дека воопшто не знаела дека таква одлука постои и ја презеде целата одговорност, тврдејќи, како што рече, дека тоа е нејзина лична грешка од невнимание. Потоа се разви и дискусија, во која учествуваа повеќе делегати, кои беа единствени во критиките за направената грешка и некој треба да одговара за злоупотреба на средствата од касата на Здружението. Делегатите донесоа заклучоци да се известат соодветните државни органи, УЈП и Обвинителството за преиспитување на работењето на кумановското здружение. На самата седница се поведе и иницијатива за смена на раководството, кое си ја призна грешката и побара да остане до крајот на мандатот, за како што истакнаа да не пукне срам низ градот. Нивното барање беше прифатено, најмногу заради отпочнување на изборните активности, но, како преседан на се, тие во меѓувреме се охрабриле и започнале предизборна кампања во своја корист организирајќи состаноци по кафеани, трошејќи средства на здружението заобиколувајќи го Извршниот одбор и Собранието. Како преседан на се, тројцата функционери вратиле 60.000 денари на сметка на Здружението, без придонеси за данок и камати, сметајќи дека со тоа ќе ја симнат одговорноста од себе.

На оваа седница беа донесени и Одлука за определување на надоместок за претседателот на Собранието, со која е исправена неправдата за изминатиот четиригодишен мандатен период, како и Одлука за распишување избори, кои согласно Статутот треба да се одржат во март годинава.

**Јасмина Тодоровска**

ЗП Кичево

# Доделени 35 пакети на пензионери со ниски примања

Пред Новата година Извршниот одбор на пензионерите од Кичево ја одржа последната седница од минатата година. Покрај многубројните точки од дневниот ред беше и точка за доделување на 35 пакети со прехранбени производи наменети за пензионери со ниски примања. Треба да напомнеме дека во 2022 година Здружението има доделено околу 100 вакви пакети, која традиција ќе продолжи и во наредниот период.

Исто така, на оваа седница беше донесена и одлука за издавање фотомонографија на здружението посветена на работата од неговото формирање па се до денес. Акцент се дава на работата на здружението во




последниот мандатен период 2019 – 2023 година.

На седницата стана збор и за снабдувањето на пензионерите со огревно дрво кое тие го добија по стара цена и на време.

**А. Ристоска**

ЗП Виница

# Демократија на висина

Најпрво членовите на ИО на ЗП со макотрпно надмудрување и надгласување помеѓу двата табора позиција и опозиција успеаја да ги усвојат сите точки од дневниот ред, а потоа расправаа и делегатите на Собранието на ЗП Виница.

На седницата Извршниот Одбор ги усвои финансискиот извештај за работењето на здружението до 30.11.2022 год. и Предлог–финансискиот план за 2023 година Според изнесените финансиски показатели на приходни и расходни стапки нема да има голема разлика помеѓу 2022 и 2023 година. Ако во 2022 Финансискиот план е реализиран со приходи–расходи од 1.044.542 денара, за 2023 истиот е предложен и усвоен на 1.093.200 денари.



Претседателот на ЗП Виница Петруш Данилов информираше за испораката и исплатата на огревното дрво за 2022 година и минусното салдо кое се провлекува неколку години наназад кое достигна до 250.000 денари.

На седницата членовите на ИО донесоа одлука ресторанот при пензионерскиот дом да продолжи со работа, а со него и понатаму да стопанисување на приватната угостителска фирма „Видикс делукс“ со обврски за наплата на наемнина од 3.000 денари и трошоци за струја, вода и комуналиие.

Исто така, се донесе одлука да се доделат и 70 пакети по цена од 800 денари на пензионери со ниски примања по повод Новогодишните и Божиќните празници.

Седницата на Собранието беше копија на онаа на ИО на здружението со таа разлика што опозиционите делегати издејствуваа да се постави прашањето за доверба на претседателот Данилов и да се гласа. Иако мандатот на овој состав истекува кон средината на јануари 2023 година, сепак се даде можност делегатите да се изјаснат.

При гласањето досегашниот претседател Данилов со големо мнозинство ја доби довербата до новите избори да го води здружението. По гласањето Собранието продолжи со работа и ги усвои извештаите на пописната комисија за 2022, финансискиот извештај заклучно со 30.11.2022 и Финансискиот план за 2023 година, на ЗП Виница. На седницата беа избрани 2 члена за Надзорен одбор на здружението и тоа Достена Терзиска и Киро Арсов.

**Петруш Димитров**

ЗП Битола

# Донесени Програмата и Финансискиот план за 2023

Предлог–програмата за работа на Здружението на пензионери Битола за следната година беше предмет на расправа пред членовите на Извршниот одбор, претседателите на пезнионерските ограноци и Собранието на Здружението.





Претседателката на Извршниот одбор Даница Петличкова образложувајќи ја програмата пред присутните истакна дека Здружението ќе продолжи со грижата за остварување на правата на пензионерите од пензиското, инвалидското, социјалното, како и од здравственото осигурување. Исто така, рече Петличкова, и во следната 2023 година ќе се продолжи со давање хуманитарна помош и донации, ќе се посредува при набавка на прехранбени продукти, ќе се обезбедува лабораториска анализа на шеќер во крвта, триглицериди, холестерол и бесплатно мерење на крвен притисок, односно ќе се води грижа за секој пензионер.

Претседателот на Собранието на Здружението на пензионери, Крсте Белевски, истакна дека и во престојната година комисиите формирани во ова Здружение ќе се ангажираат секоја во својата област на дејствување, да реализира програма според статутарните и програмски активности на Здружението. Дадените предлози и дополнувања од страна на присутните ќе бидат вградени во активностите за 2023 година во која и Петличкова и Белевски на сите членови на Здружението на пензионери од Битола им посакаа добро здравје и подобар животен стандард.

**Петар Ставрев**

ЗП Гевгелија

# Одржани две седници и донесена одлука за избори

Како и претходните години така и оваа, на крајот на декември 2022 година, се одржаа последните седници на ИО и Собранието. И двете имаа скоро идентичен дневен ред и се одржаа во ист ден.



На седниците се разгледаа и усвоија финансискиот извештај за работата на Здружението до 30.11.2022 година, како и Финансискиот план за 2023 година. Претседателот на ИО даде извештај и се констатира дека резултатите се позитивни. Беше разгледана и усвоена и Предлог–програмата за работа за 2023 година, и секако акцент се стави на хуманитарните активности. Беше донесена и одлука за избори за 2023 – 2027 година, и се формира изборна комисија.

На 29.12.2022 година пензионерите од ЗП Гевгелија во пријатна атмосфера со музика, песна и оро во Негорски Бањи ја испратија старата 2022 година, и си посакаа посреќна Нова 2023 година.

Пред Божиќните празници по руралните средини се поделија 10 пакети кои ги доби ЗП Гевгелија од ЕУ и Црвениот крст преку СЗПМ, за успешно спроведен проект „Рурален пензионер“. Во 2023 година продолжуваат хуманитарните акции со приоритет во однос на другите активности.

**Јанка Узунова**

ЗП Чаир

# Одговорно и домаќинско работење

Разгледување и усвојување на Предлог–програмата за работа и Предлог–финансискиот план за 2023 година, беа главните точки од дневниот ред на седницата на Собранието на ЗП Чаир, која се одржа на 28.12.2022 година. Седницата ја раководеше Рауф Хамиди, претседател на Собранието, кој во воведното излагање го истакна значењето на оваа седница од аспект на согледување на сработеното и создавање услови за постигнување подобри резултати. Во Програмата за работа се планирани многубројни активности кои произлегуваат од Статутот на Здружението, а акцент се става на учество на општинските, регионалните и републичките спортски натпревари и учество на ревиите на песни, музика и игри на регионално и републичко ниво. Предвидено е јакнење на соработката со другите здруженија, поголем број екскурзии во земјата и странство, доделување парична помош на болни пензионери со ниски примања и воведување на волонтерство. Во продолжение на седницата, членовите на Собранието расправаа за понатамошно унапредување и развој на здружението како и продолжување со омасовување на членството за да се опфатат поголем број пензионери во активностите. Според резултатите од финансискиот извештај, може да се каже, дека се работело одговорно и домаќински и така да се продолжи во наредниот период.



По широката и конструктивната расправа по овие значајни документи, едногласно беа усвоени.

Активот на пензионерки при здружението организира хуманитарна акција, која и покрај економската криза беше успешна, со тоа што беа направени 10 пакети со храна и собрани 1.700 денари кои беа донирани на една членка на ЗП Чаир.

**Васил Пачемски**

ЗП Карпош

# Активности во периодот од 2018 - 2022 година

На 15.12.2022 година во просториите на ЗП Карпош се одржаа две битни седници. Најнапред имаше седница Извршниот одбор во проширен состав, заедно со претседателите на седумте ограноци и веднаш потоа седница на Собранието на ЗП Карпош, со единствена точка, распуштање на Собранието и неговите органи и тела и спроведување на редовни избори за нов мандат од 2022 – 2026 година.

Изминатиот период може да се разгледува во два дела: едниот пред појавата на вирусот ковид–19, за време и по укинување на мерките за заштита донесени од страна на Владата на Р Македонија. Главно активностите на органите се одвиваа врз основа на Програмата за работа која беше насочена кон остварување на целите и задачите на Здружението утврдени во Статутот и Програмата на Здружението. Програмата беше од отворен карактер и се менуваше и надополнуваше во зависност од актуелноста и проблемите кои се наметнуваа во текот на годините. Во реализација на Програмата подеднакво учествуваа сите комисии и тела на Здружението. Вредно е да се истакне дека во овој период се извршени потребните измени и дополнувања на Статутот на здружението, заради усогласување со Статутот на СЗПМ. Во овие четири години Собранието на Здружението под раководството на претседателот Јован Гиновски кој едновремено е и претседател на здружението. Од предвидените 8 седници според Статутот одржани се 7. Најглавни одлуки кои се донесени се одлуките за усвојување на финансиските извештаи (годишни пресметки за 2019, 2020, 2021 и 2022 година) со јасна слика дека Здружението работи домаќински и економично. Секоја година е завршена со позитивни резултати, односно со добивка.

Извршниот одбор, за овој мандатен период одржал вкупно 33–седници. Донесени се многу одлуки и заклучоци. Битно е да се спомене дека работата на Здружението, скоро повеќе од две години се одвиваше во услови на пандемија предизвикана од вирусот ковид–19 и во тие години, многу од активностите беа редуцирани. За посебно одбележување е работата на Комисијата за одмор и рекреација, која успеа и покрај големите тешкотии да реализира голем дел од програмата, особено во делот на реализирањето на 4 еднодневни патувања низ Македонија, водејќи сметка при изборот на дестинации, финансиските можности на пензионерите како и при изборот на безбеден и удобен превоз. Комисијата за спорт и спортски активности, вложи големи напори околу организирањето на спортските игри на пензионерите во улога на домаќин, а и како учесник на регионалните и републички спортски игри. Комисијата за здравство и здравствена заштита заедно со претседателите на ограноците активно учествуваше во доделување на еднократна помош во висина од 3.000 ден. на пензионерите со ниски примања и тоа: во 2020 година помош беше доделена на 62 пензионери, во 2021 година на 104, а во 2022 година на 70 пензионери. За одбележување е секако масовното присуство на одржаните предавања на тема „Алцхајмерова болест и деменција“, организирана од стручниот тим на Алкалоид – Скопје. Комисијата за културно забавен живот успешно ги организираше регионалните ревии на песна, музика и игри во улога на домаќин, а пензионерите од ЗП Карпош беа учесници и на републичките ревии. Сите активности во Здружението беа преземени со цел членовите секогаш и на време да бидат информирани за сè. Според претседателот Јован Гиновски така ќе продолжи да работи здружението и во наредниот период од страна на делегатите кои ќе бидат избрани во новиот мандат 2022–2026 година.





**Душан Јовановиќ**

ЗП Лабуништа

# Усвоени програмските насоки за 2023 година

На крајот од јануари, ИО и Собранието на ЗП Лабуништа ги одржаа првите редовни седници. Воведно излагање и отчет за сработеното во текот на изминатата 2022 година, извештај за финансиското работење за тековната 2022 година имаше претседателот на извршниот одбор и на Собранието Лутвија Салоски. Извештаите беа едногласно усвоени без забелешки.

Собранието на истата седница го донесе и финансискиот план за 2023 година. Претседателот на собранието Лутвија Салоски, рече дека 2023 година приходите мора да бидат изедначени со расходите. Средствата ќе бидат наменети за основните потреби на здружението, за тековно работење, за учество на ревиите, спортските натпревари, еднодневни излети и петдневно летување на море, за хуманитарна помош на стари и изнемоштени пензионери, за соработка со здруженијата и друго. Со програмата за 2023 година се предвидува и подобрување на стандардот на пензионерите, едукација и здравствена заштита, снабдување со лекови, особено за пензионерите од руралните ограноци, волонтерство за помош на стари лица во споменатите средини и друго. Во 2023 година ќе продолжат активностите од областа на културата и спортот, снабдување со огревно дрво и друго, а ќе се засили и со информирањето. Исто така органите и телата на Здружението, како и стручната служба ќе вршат услуги на сите пензионери членови на здружението кои имаат потреба од: давање потврди за бањско лекување, за регистрација на своите возила, за потребите од солидарниот фонд и др. Собранието на ЗП Лабуништа, на јануарската седница ги прифати препораките на СЗПМ, за изборите во здруженијата, без сугестии и препораки од политички партии.



**Стојан Кукунешоски**

ЗП Гази Баба

# Позитивни оценки за работењето

На последната седница на Извршниот одбор на ЗП Гази Баба, што се одржа во средината на месец декември, најпрво беа разгледани Финансискиот план и оперативната Програма за работата на здружението за 2023 година, по предлог до Собранието. По завршување на седницата на ИО, отчетна седница одржа Собранието на која на дневен ред беа поставени отчетните материјали, како што се, усвојување на Финансискиот план за 2023 година, усвојување на оперативната Програма за работа за 2023 година и усвојување на извештајот на ИО во 2022 година, а по предлог на Извршниот одбор. По Предлог–финансискиот план за 2023 година, кој предизвика голем интерес кај членовите на Собранието, извештај поднесе Стојна Тодоровска, администратор и сметководител на Здружението. Таа во своето елаборирање и објаснување, нагласи дека средствата се трошат наменски за активностите зацртани согласно со Програмата за работа.

Во воведното излагање по оперативната Програма за работа за 2023 година, секретарот на ЗП Гази Баба Митко Карчев меѓу другото истакна дека приоритет во 2023 година ќе бидат повеќе значајни активности како што се: културното живеење, спортските активности, активното стареење, соработката со повеќето здруженија. Во оваа насока Карчев ги посочи активностите, како што се излети, хуманитарни акции, информирањето, солидарниот фонд, грижата за старите лица, инклузијата, волонтерството, посебно ја нагласи неопходната и задолжителна соработка со СЗПМ и примената на сите одлуки, предлози, ставови и препораки кои ги носи Сојузот.



Врз основа на Програмата за работа на здружението и Одлуката на Извршниот одбор за вклучување во проектот на СЗПМ „Рурален пензионер“ за посета на болни и изнемоштени пензионери и донирање на хуманитарни пакети, беа посетени пензионери во руралните населени места: Петровец, Трубарево, Стајковци, Црешево, Раштак, и Булачани. Беа доделени хуманитарни пакети и во населбите Железарница, Автокоманда и Маџари. При тоа им беа врачени 25 хуманитарни пакети со прехранбени производи и средства за одржување на хигиената. Оваа активност ќе се спроведува и оваа календарска година во сите рурални населени места.

**В. Пачемски**

ЗП Кисела Вода – Скопје

# Донесена програмата за 2023

На 27.12.2022 година, одржан е состанок на членовите на Собранието на ЗП Кисела Вода за работењето во 2022 година. На седницата присуствуваше претседателот Момчило Петровиќ. Седницата ја водеше Спасе Илиев, претседател на Собранието, во присуство на членови на Надзорниот одбор. На дневен ред беа финансискиот извештај за 2022 година, и работата на органите и телата на здружението. Материјалите за 2022 година се разгледани, и по дискусијата е донесена одлука дека е работено законски и домаќински. Покриени се сите потреби на здружението и е даден акцент на социјалната помош за семејства со ниски примања.



Во Предлог–финансискиот план за 2023 година планирани се средства за тековно работење на здружението, за активности на членовите и средства за хуманитарна помош. Донесена е и Програма за работа на здружението во 2023 година.

**В. Топаловска**

ЗП Македонска Каменица

# Успешно реализирани активности во 2022 година



Здружението на пензионери – Македонска Каменица во 2022 година успешно ги реализира своите програмски активности кои ги започна со делење на солидарни пакети во соработка со Општината, а во рамките на традиционалната акција „Солидарни пакети за стари, болни и изнемоштени пензионери“. Со оваа кција се поделија 180 пакети со прехранбени производи на пензионери членови на здружението, родени до 1940 година, болни и изнемоштени.

Претседателката Јаворка Соколовска со претставници на здружението и градоначалнокот на Општината Димчо Атанасовски, ја започнаа традиционалната акција со посета на пензионери во нивните домови. При посетата на пензионерите не можеше да се скрие нивната насмевка и радост. Акцијата започна пред Новогодишните празници и истата беше завршена за Божиќните празници. ЗП Македонска Каменица учествуваше и на манифестации „Блакцето на баба“; „Зелникот на баба“ , на отворање на туристичката сезона во Дојран; на пензионерските средби: во Ореовица, Поникива, Лесново, Лозово и други, како и на „Компиријада“ во Кратово каде што ја освои главната награда.

Здружението со поддршка на СЗПМ и општината успешно ја организираше 9–тата манифестација „Бабина Баница – Еленец 2022“ во с. Цера. Традиционално, покрај натпреварите во приготвување на баници, настанот беше збогатен и со културно–уметничка програма.

Здружението имаше чест да биде и домаќин на 26–тите регионални пензионерски спортски натпревари во организација на СЗПМ на кои освои пласман во четири дисциплини за учество на Републичките спортски натпревари во Охрид, а учествуваше и на Регионалната музичка ревија во Берово.

ЗП Македонска Каменица во јули организираше летување во Албанија со 150 пензионери, а и повеќе екскурзии на кои се дружеа пензионерите.

Една од главните програмски активности на здружението беше и реконструкција на работните простории и клубот на пензионерите кои беа во многу лоша состојба. Со реализација на оваа програмска активност се овозможи пензионерите кои овде поминуваат дел од своето слободно време да се чувствуваат пријатно. Здружението ќе продолжи и во иднина да дејствува активно изнаоѓајќи нови содржини на активности со кои ќе се придонесе здраво и активно стареење на пензионерите, членови на Здружението.

**Ј. С.**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**

- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk

Контакт центар: 02 / 15-600



PROVEN PROBIOTICS

ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

# Cardiobiotic







- Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето

# ЗП Струга - лична карта




## Здружение на пензионери Струга

**Ул. „Боро Хаџиески - Путе“ б.б., Струга**
**Тел. 046-786-143**
**zdruzenienapenzioneri.struga@gmail.com**



**Милорад Трпоски**
**претседател на ИО и на ЗП Струга**

Потпретседател на ИО е Минир Мамуди.

Според архивските податоци и Централниот регистар ЗП Струга функционира од 20 септември 1946 година. Идејата за формирање на здружението била на неколкумина интелектуалци од Струга.

Во првите години на формирањето здружението дејствувало согласно со Законот за пензиско–инвалидско здравствено и социјално осигурување. Подоцна бил донесен и првиот Статут на здружението и другите правни акти, а во 2010 година, пререгистрирано е согласно со Законот за здруженија и фондации.



Денес ЗП Струга брои околу 4.500 членови.

Ова здружение е едно од неколкуте со мешана меѓуетничка припадност бидејќи во него членуваат Македонци, Албанци, Власи, Роми и пензионери од други етнички заедници и е за пример како тие заеднички деполитизирано дејствуваат во сите сфери на живеење и работење преку органите на здружението. ЗП Струга од ноември 2012 година, работи самостојно, бидејќи во тој период 380 пензионери од Вевчани се одвоија од ова здружение и формираа свое Општинско здружение на пензионери Вевчани. ЗП Струга е организирано на територијален принцип со 11 месни ограноци.



Според Статутот здружението на ЗП Струга сега го сочинуваат: Собрание од 35 членови, како највисок орган на здружението, Извршен одбор од 13, а по три членови имаат Надзорниот одбор, Комисијата за статут и правни работи, Активот на пензионерки, Комисијата за здравствена и социјална заштита, Комисијата за спорт и рекреација, и Комисијата за културно–забавен живот.

Струшкото здружение на пензионерите е меѓу ретките во Републикава кои го имаат решено просторното прашање со функционални и добро опремени простории за работа, има одделна сала за состаноци на Извршниот одбор и на комисиите, а располага и со клуб на пензионери во кој дневно по стотина пензионери го минуваат времето во дружење и рекреирање.

Пензионерите од Струга имаат и плодна соработка со локалната самоуправа со СЗБ од НОВ, со повеќе здруженија на пензионери од југозападниот регион и со други институции, јавни претпријатија, граѓански фондации и невладини организации, а со општинскиот Црвен крст на Струга имаат потпишано и Меморандум за соработка. Здружението е збратимено со ЗП Крушево. Особена активност во своето долгогодишно успешно функционирање ЗП Струга има постигнато завидни резултати особено под актуелното раководство на здружението.



За успешната активност ЗП Струга има добиено многубројни признанија, благодарници, пофалници, а на спортски план златни, сребрени и бронзени медали, како и други значајни награди на локално ниво и од СЗПМ. Во 2021 година ЗП Струга го освои првото место жени во фрлање на кош. Таа година беше и успешен домаќин на регионалните пензионерски спортски натпревари.

ЗП Струга учествува и на ревиите на песни, музика и игри на регионалните и републичките ревии во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Посебни активности покажува Активот на пензионерките во сите области во кои учествува здружението.

ЗП Струга за своите членови организира екскурзии во земјата и во странство. Така на 28 и 29 октомври 2022 година, беше изведена дводневна екскурзија за педесетина пензионери спортисти и хористи од ЗП Струга, а меѓу нив беше и овогодишниот добитник на бронзениот медал за освоено трето место за мажи во домино Евгенија Јовчески – Гече.

Според водачот на групата, претседателот Милорад Трпоски, и однапред одредената маршрута, прво се упатија кон Врњачка Бања, каде што директорката на бањата ги пречека струшките пензионери и ги прошета низ бањата, запознавајќи ги со условите за престој како и за бањското лекување. Потоа заминаа за Врање. Речиси секоја година членовите на ЗП Струга одат и во Албанија, а организираат екскурзии и во нашата земја каде што со пензионерите од други здруженија разменуваат искуства.

ЗП Струга има одлична соработка со СЗПМ. Хурем Даути е член на Собранието и на Извршниот одбор на Сојузот.

На 14 октомври 2022 година, се одржа работна средба со претседателите на здруженијата на пензионерите од југозападниот дел на Македонија. Работната средба ја организираше Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, под раководство на претседателката на Сојузот Станка Трајкова, а присуствуваа претседателот на Собранието на Сојузот м–р Илија Адамоски, потпретседателот на ИО Ментор Ќоку и секретарот на ИО Менка Темелковска.

На средбата присуствуваа и претседателите на ЗП Струга Милорад Трпоски, како домаќин, на ЗП Дебар и Центар Жупа, на здруженијата на пензионерите на Охрид и Дебрца, Вевчани, Лабуништа, Битола, Македонски Брод, Демир Хисар, Крушево и на Прилеп и Ресен.

Работната средба ја отвори претседателот на ЗП Струга Милорад Трпоски, кој ги поздрави присутните, им посака добредојде и добар престој во Струга. Претседателката на Сојузот побара едноминутно молчење во чест на починатиот претседател на ЗП Ресен, и рече:






– Остварувањето на работната средба е во согласност со Програмата на работата на СЗПМ за 2022 година, за разгледување прашања од заеднички интерес на здруженијата и Сојузот. Оваа средба е со цел непосредно да се разговара за активностите и потребите на здруженијата. За време на пандемијата Сојузот и здруженијата активно работеа согласно со условите за работа, вратите не беа затворени, а не изостанаа и традиционалните активности: се одржаа ревиите на песни, музика и игри, спортските натпревари и друго, иако активностите беа со ревидирана содржина и со почитување на протоколите за заштита на пензионерите.

Претседателката Трајкова, се осврна по следните три точки:

- Информирање за работата на здруженијата на пензионерите и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и прашања значајни за пензионерите (усогласување на пензиите, антикризните мерки, статус од јавен интерес, даночна реформа, посмртна помош и друго).
- Проблеми со снабдување со огревно дрво на пензионерите.
- Активности и мерки за остварување на задачите на здруженијата на пензионерите и Сојузот во врска со претстојните избори.





Претседателката Трајкова им обрна посебно внимание на претседателите на здруженијата дека можат да побараат средства за своите активности од локалната самоуправа, согласно со член 22 од Законот за локална самоуправа. Со свои проекти можат да конкурираат за влез во буџетите на општините.

На темата усогласување на пензиите, беше дадено информирање за најновото усогласување од 6,8 %, со кое се усогласени пензиите. Посебно внимание се посвети на ниските пензии за што од Сојузот се доставени предлози за заштита на пензионерите со пониски пензии во рамките на антикризните мерки.

На работната средба од здруженијата беа дадени позитивни искуства во однос на функционирање на социјалните сервиси, а се третираа повеќе прашања за кои Сојузот ќе подготви сегледување на ниво на сите здруженија и тој материјал ќе биде разгледан од органите на Сојузот. Исто така, претседателката со посебно внимание се осврна на новата најава за даночна реформа. Извршниот одбор на Сојузот ги разгледа предлозите за најавената даночна реформа, донесени од Правно–економскиот форум и ги усвои.

Потпретседателот Ментор Ќоку, поопширно се задржа за солидарниот фонд – посмртната помош на корисниците на пензија, што на корисникот на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош на членовите од неговото семејство во висина од 30.000 денари.

– Средствата за солидарен фонд – посмртна помош Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РСМ ги уплатува на посебна потсметка со назнака „Средства за солидарен фонд – посмртна помош на корисници на пензија“.

Ќоку, исто така, зборуваше за средствата од членарината и нивно користење.

На крајот од работната средба, претседателите од овој регион дискутираа по прашањата и бараа одговор од претседателката, која даде соодветни одговори, од кои тие беа задоволни, а претседателката на СЗПМ Станка Трајкова беше задоволна од убавата и содржајна дискусија на претседателите на здруженијата од југозападниот регион.

**СЗПМ**

ЗП Кавадарци

# Традиционална празнична атмосфера во пензионерскиот клуб

Како и секоја година, така и оваа, ЗП Кавадарци традиционално го обележа денот Стара–Нова година. По овој повод во Клубот на пензионерите беше организирана мала свеченост, која со своето присуство



ја збогатија специјалните гости: министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска. Во пријатна новогодишна атмосфера за пензионерите беше организирана лотарија на која беа доделени



триесетина вредни награди. Не изостана и традицијата да се подели лепче со паричка, за успешна и плодна година.

Поздравувајќи ги пензионерите, министерката Тренчевска зборуваше за нови активности на Министерството и Владата и рече:

„Без вашето залагање како пензионери, нема да бидат успешни и политиките кои се креираат, пред сè за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.“

Претседателката Трајкова, упатувајќи искрени честитки по повод новогодишните празници и рече дека и годинава продолжуваат активностите на пензионерите кои традиционално се одржуваат со години наназад и се практикуваат во сојузот. Како и до сега нема да изостанат манифестациите како што се „Пензионерите пеат“, ревиите, спортските натпревари и други хуманитарни активности кои придонесуваат за активно стареење на пензионерите.

Среќна Нова година на пензионерите им посака и домаќинот на средбата претседателот на ЗП Кавадарци Бранко Шемов.

**Лилјана Илиева**

ЗП Прилеп – Изборна седница на Собранието

# „Се постигна многу, а ќе работиме да биде уште подобро“



По речиси еден месец откако беа распишани изборите во 19–те ограноци на Здружението на пензионери од Прилеп, се одржа изборната седница на Собранието при што се избраа – верификуваа делегатите и другите членови на органите и телата предложени во текот на изборниот период.

Собраниската седница ја отвори и ја раководеше досегашниот претседател на Собранието на ЗП Прилеп, Ангеле Кироски. Формираната Кандидациона комисија од редот на делегатите предложи 37 делегати за членови на Собранието, по што тие едногласно беа прифатени како натамошни претставници на повеќе од 14 500 пензионери во наредните четири години од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени кои членуваат во прилепското пензионерско здружение.

На оваа изборна седница беше потврден и мандатот на тројца членови на Надзорниот одбор, исто толку членови на Статуарната комисија, а делегатите го потврдија и предлогот на членството од сите ограноци за претседател на Здружението и Извршниот одбор да биде повторно досегашниот претседател, Славко Трајкоски. За претседател на Собранието едногласно се гласаше за делегатот од огранокот Вишне, професорот Димче Настоски, а за делегати во пензионерската организација на Македонија, во СЗПМ, повторно беа предложени и едногласно избрани Славко Трајкоски и м–р Илија Адамоски. За секретар на Здружението беше избрана Славица Пожарска, а делегатите избраа и Извршен одбор од 15 членови. Интересно е тоа што во ова Здружение, како ретко досега и како ретко во кое друго, кое е членки на СЗПМ, се практикува во членството на органите и телата да бидат избрани скоро исто толку пензионерки, колку што се избрани и пензионери.

Половата застапеност веднаш на почетокот на своето излагање го истакна и старо–новиот претседател Славко Трајкоски, кој меѓу другото кажа:

– Без некоја скромност можеме да се пофалиме дека нашето здружение е едно од поголемите, а и поактивните пензионерски здруженија, членки на Сојузот. Само во текот на минатата година преку сметката на ЗП Прилеп за болните пензионери, за бањско и други лекувања, за помош на пензионерите со ниски пензиски примања, потоа за помош на семејства на пензионери со несреќни случаи беа инкасирани повеќе од 2,5 милиони денари. Тоа го чиневме и во минатите години за што нашето Здружение прво доби благодарница – признание од СЗПМ за повеќето хуманитарни активности. Сега, пред Новогодишните и Божикните празници, Комисијата за здравство на пензионерите им додели 800 ваучери со вредност од по илјада денари за да можат пензионерите да си набават прехранбени и други производи за хигиена. И, со право можеме да се пофалиме дека ние како здружение ги поттикнавме и другите пензионерски здруженија да практикуваат вакви и слични на овие хуманитарни акции. Трајкоски во своето излагање посебно се заложи и ги истакна активностите околу организирањето на неколкуте, односно шесте организирани масовни пикник–собири на кои учествуваа повеќе од 400 пензионери, а на последната заедничка средба–екскурзија учествуваа и пензионери од соседна Битола. Со тоа беше иницирана и идејата за понатамошни вакви



и помасовни заеднички собири и на регионален план на кои би зеле учество пензионерите не само од збратименото здружение од Битола, туку и од другите, како Крушево, Демир Хисар, Ресен, Македонски Брод...

Претседателот Трајкоски во своето обраќање посебно се задржа до делегатите на Собранието за активностите што ги презедоа во минатите четири години како пензионерска организација за отворање, уредување и опремување на пензионерските клубови по ограноците, за што како што рече тоа ќе продолжи и во иднина. Инаку, колку за информација ЗП Прилеп има отворено и опремено 13 пензионерски клубови каде што пензионерите можат да го минуваат слободното време во заеднички слободни активности, игри, следење на ТВ, разменување на мислења, организирање и договарање на активности и слично.

**К. Ристески**

ЗП Бутел

# Прослава на јубилеј

Здружението на пензионери на Општина Бутел, Скопје, под раководство на претседателот Љупчо Димовски заедно со членовите на Извршниот одбор, на седницата одржана на 11.11.2022 година, одлучија да се одбележи 11–тиот роденден на здружението, па по тој повод јубилејот со дел од членовите на здружението беше прославен на 13.12.2022 год. во ресторанот „Бајка“ во Општина Бутел.

На прославата беа поканети повеќе гости од другите здруженија од градот Скопје, и од внатрешноста на државата. Присуствуваа и градоначалникот на Општина Бутел Дарко Костовски и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која ги поздрави присутните и со восхит и задоволство дискутираше за напредокот и успешноста на здружението како и за соработката на истото со останатите здруженија од државата, и натпреварувачкиот дух на сите членови во различните спортски дисциплини, фолклорните активности, настапувањето во повеќе културни и забавни манифестации и друго.



Исто така, им се обрати и градоначалникот на Општина Бутел Дарко Костовски, кој ја истакна добрата соработка на здружението со локалната самоуправа.

На прославата претседателот на здружението Љупчо Димовски им додели благодарници на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, градоначалникот на Општина Бутел Дарко Костовски, секретарот на здружението Љубица Петрушевска, како и на сите членови на Собранието и Извршниот одбор. Благодарници добија и истакнатите спортисти од здружението, како и присутните претседатели од другите здруженија. Претседателот на Собранието, му врачи благодарница на претседателот на здружението Љупчо Димовски.

Сојузот на здружението на пензионерите на Македонија, во рамките на Проектот „Рурален пензионер“ а во соработка со Црвениот крст и Европската унија, им доделија пакети со прехранбени производи на пензионерите со ниски примања од руралните средини на Општина Бутел.

**Љубица Петрушевска**

# Тунелот на зимата

Зборувавме за тунелот на зимата и за неговата смисла. Зборуваме за тоа бидејќи многумина не го ни забележуваат. Не гледаат дека има тунел. Не гледаат дека зимата е време да се соочиме со таа темнина. А зошто е тоа така? Па одговорот е лесен. Го тргаат погледот настрана. Гледаат во вештачките извори на светлина, во делата на човековите раце. Значи, за да ја видиме и спознаеме вистинската светлина и нејзината смисла, треба да го спознаеме и нејзиниот антипод – темнината.

Истовремено, треба да ја знаеме и смислата на човечките односи. Треба да ја знаеме смислата на давањето и земањето. Луѓето постојат за да бидат заедно. А тоа значи да ги поврзува една иста смисла, иста суштина, тежнеење. Можеме да живееме во близина, а да не сме заедно. Како и што ги осмислува човековите односи? Што е смисла?

Која е тајната на животот? Што е животот? Многумина даваат различни одговори. Едно се учи на училиште, а друго спознава човек во тек на животот. Се смета дека древните луѓе живееле многу подолго од денешните, па имале време да се борат да ја пронајдат смислата. А ние чедата на 21 милениум, мораме побрзо да ги совладуваме лекциите. Што е раѓање? Кој го создал светот и човекот?

Македонци сме. Нè има и стари и млади. Си ја сакаме земјата. Сакаме да опстане. Сакаме да има простори услови за развој и живот на нашите деца и младината. А многумина си заминаа, мораа, макота ги натерала. Но, има и „последни Мохиканци“, кои опстануваат и се борат. Имаме ли идеологија? Дали капитализмот е идеологија? Либерализмот? Што е услов за напредок?

Како го преџвакавме претходниот идеолошки систем? Зборуваме ли искрено за она што помина или не? Ја знаеме ли својата историја? Колку сме одговорни за заедницата во која живееме? Онаа група која живее поради исти вредности. Ја има ли неа? Има ли заедница? Има ли социум? Цивилизација, социјализација.

Велат, луѓето почнале да се освестуваат. А има многу нешта за освестување. Па и зборот свест, пак доаѓа од светлина. Со што да осветлиме за да се освестиме? Треба да ја видиме светлината. Или треба во светлината да ја видиме вистината. Познајте ја вистината и таа ќе ве ослободи, била максима скоро 2000 – години. Кој ли е коренот и етимологијата на зборот темнина? Тоа е интересна загатка. Ние сега зборуваме за некој зимски тунел, во кој е темно. А ние сакале или не, мораме да минеме низ него, за да дојдеме до светлината. Детето за да се роди, мора да помине низ тунелот на мајчиното тело. Затоа може да кажеме дека, минувајќи го тој тунел, ние повторно се раѓаме. Не се раѓа само природата, туку ние, оти сме нејзин дел.

Давање и земање, размена. Особено на душевен план. Тука е она најинтересното. Ние важиме за гостопримлив, отворен и љубовен народ. Зошто тогаш расне бројот на душевните заболувања? За да дадеш треба да имаш и кој ти го дал тоа што го имаш? Што даваш, а што треба да дадеш и дали го даваш она што треба и дали знаеш што треба да земеш, односно што ти треба.

Уметност на живеењето. Вештини на животот. Вредности кои тежат и значат многу и од кои се храниме како народ. Велат: пловам низ животот. Потоа велат: животот е како море. Еден мудрец кажа: многу е важно да имаш дозвола за живот, да знаеш како да го возиш животот. Па ако го споредиме животот со патување, во зимскиот тунел, нашиот автомобил, треба да вози внимателно и да ги следи знаците покрај патот. Така возејќи мудро и сталожено, пеејќи песни и вдлабочувајќи се повремено во себе, ќе излеземе на крајот од тунелот.

**Маја Белева**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XVI – број 174–175
февруари 2023 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Васил Пачемски**
уредник

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин”
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# Прослави и празнувања

Пензионерите од **ЗП Богданци** ја испратија Старата и го прославија доаѓањето на Новата година во дружба со пензионерите од ЗП Струмица. Следуваше уште едно дружење со доминантна желба да се почувствува празничната магија – организирана од Активот на жените пензионерки, заедно со пензионерките од Валандово.

На стотина пензионери им беа доделени пакети (прехранбени продукти) во вредност од 800 денари. Во соработка со Општина Богданци заедно беа и на Бадникова вечера. За одбележување е доделувањето на три пакети на стари и немоќни лица во руралните средини на општината: Ѓавото, Стојаково и Селемли.

Деновиве во Берово се одржаа традиционалните Божиќни пензионерски средби „Малешево пее со срце“. На истите учествуваа пејачката група „Ѓердан“ од с. Русиново, Берово, пејачката група при **ЗП Пехчево**, Добринка Илиева од ЗП Виница, хорот и оркестарот при **ЗП Берово**. Во рамките на програмата во холот на „Бизнис инкубатор„ во Берово поместена беше и изложба на уметнички слики на Драган Кузмановски. Со ваквите дружења пензионерите ги негуваат културните вредности, ја чуваат богатата македонска фолклорна традиција и го збогатуваат квалитетот на своето живеење. Преку овие традиционални средби пензионерите од источниот регион се дружат, го унапредуваат својот културно–забавен живот и се продлабочува меѓусебната соработка.

Како и секоја година, така и оваа **ЗП Кавадарци** традиционално ја обележа Стара Нова година. По овој повод во Клубот на пензионерите беше организирана мала свеченост, која со своето присуство ја збогатија: министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова со соработниците. Во пријатна новогодишна атмосфера за пензионерите беше организирана и лотарија на која беа доделени триесетина вредни награди. Не изостана и традицијата да се подели лепче со паричка, за успешна и плодна година.

**ЗП Прилеп**, може да се каже дека прилепските пензионери предновогодишната катагодишна средба и ден пред Новата година ја одбележаа на свој посебен начин. Комисијата за здравствена грижа и социјална помош на 500 пензионери со пониски пензиски примања од сите ограноци им додели ваучери во вредност од по илјада денари за набавка на прехранбени и други производи.

На седницата за пензионерите, членови на телата и претседателите на ограноците во Клубот „Ц“, беше организирана заедничка предновогодишна веселба. Претседателот Трајкоски им ја честиташе на сите прилепски пензионери Новата 2023 година и им посака многу среќа, здравје и долг живот. А, на најуспешните пензионери–спортисти, односно, на осум од нив кои постигнаа завидни успеси на натпреварите освојувајќи први и втори места во неколку спортски дисциплини на државно ниво, им ги додели медалите и наградите од по две, три и четири илјади денари за постигнатите успеси.

На плоштадот во населбата Автокоманда, со пивтии, колачиња, музика, песна и оро, во организација на локалната самоуправа, се одржа традиционалната манифестација „Пивтијада 2023“ по повод верскиот празник, Богојавление – Водици. На манифестацијата учествуваа жени од руралните и урбаните заедници, од Организацијата на жени на Гази Баба и **ЗП Гази Баба**. Градоначалникот Бобан Стефковски, ги поздрави многубројните посетители, им го честиташе празникот.

– Оваа година пензионерките подготвија повеќе од 50 чинии пивтија. Послужувањето пивтии е еден од обичаите кои се поврзува со празникот Водици. Пивтиите, колачињата и другите производи ги продаваме, а парите одат во хуманитарни цели, а со тоа ја искажуваме и нашата хуманост, – ни рече претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, Магдалена Спировска.

Стара нова година или Василица, Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба традиционално секоја година го одбележува со василичарски обичаи. Околу 250 пензионерки и пензионери од сите разграноци на Здружението, на 13 јануари 2023 година, славеа во ресторанот Далија, каде со песни и ора во весела и пријатна атмосфера избраа кум за Василица. А кога станува збор за среќата, годинава најсреќна беше Магдалена Попова која ја најде паричката.

На 30 декември 2022 година, Активот на пензионерки при **ЗП Струга**, предводени од потпретседателката на Активот Павлина Кузманоска, во име на Здружението, подели новогодишните пакетчиња на лицата со посебни потреби сместени во Здружението за грижа на лица со посебни потреби КФДК – Струга. Пензионерките, на лицата со попреченост сместени во овој центар им посакаа среќна Нова година, додека персоналот им се заблагодарија на несебичниот ангажман на раководството на здружението. И оваа година Активот на пензионерките при ЗП Струга, на 13 јануари 2023 година, ја организираше прослава за Стара Нова година – Василица. Овој ден го одбележаа и се дружеа над 80 пензионерки и пензионери. Средбата беше збогатена со поделување на струшкиот специјалитет ѓомлезец – кашаник со паричка, кој го имаше приготвено самиот актив. За наредната година како што налаѓа обичајот, паричката ја усреќи младата пензионерка Јагода Ќелешоска која го презеде кумството за наредната 2024 гдина. Средбата продолжи со песна и во весела атмосфера.

По повод големиот христијански празник Божиќ беше организирано дружење за корисниците од трета доба на социјалните услуги од „Нега центарот“ кој работи во рамките на ОО на Црвен крст во соработка со **Општина Крива Паланка**. На ручекот заедно со корисниците присуствуваа и нивните даватели на услугата–нивните волонтери и пензионери и претставници од клубот „Достоинствен живот“. Со свое присуство ги удостои и градоначалникот на Општина Крива Паланка Сашко Митовски кој ги поздрави присутните и им ги честиташе Новогодишните и Божиќните празници. Гадоначалникот Митовски го нагласи своето залагање за отварање на Старечки дом во Општината, нагласувајќи дека е изготвено документација за која следат понатамошни постапки. Лицата корисници на социјалните услуги не го криеја задоволството, изразувајќи благодарност што не се заборавени од институциите.

– Кога изгрејсонце и зајдисонце ќе блеснат во светлината на денот! Благодарност од срце! И денес усреќивте многу дечиња од Објект 2 ООУ „Васил Главинов“ Велес. Низ шаховска игра со дел од присутните, учениците им посакаа среќни новогодишни празници и добро здравје! – Со овие прекрасни зборови на пензионерите од **ЗП Велес** им се заблагодари наставничката Лила Арсова за дружбата на нејзините ученици со пензионерите во домот во Велес. Тие играа шах со пензионерите, се забавуваа и посакаа повторно да дојдат, затоа што оваа посета им оставила голем впечаток. Дечињата си заминаа со убави новогодишни пакетчиња и желби пензионерите да бидат живи и здрави уште долги години и да се дружат со нив.

**Од дописниците на СЗПМ**


ЗП Богданци



ЗП Берово


ЗП Кавадарци


ЗП Прилеп


ЗП Крива Паланка


ЗП Гази Баба


ЗП Гази Баба


ЗП Струга


ЗП Велес

ЗВП

# 30-годишен јубилеј од формирањето на здружението

Во рамките на завршните активности за реализација на Програмата за одбележувањето на јубилејот – 30 години од формирањето на Здружението на воените пензионери на Република Македонија – 10.12.1992 година, Собранието на Здружението на воените пензионери – Скопје, на 9.12.2022 година одржа свечена седница со која претседаваа претседавачот на Собранието Добре Ефремовски, претседателот на ЗВП и на Извршниот одбор на ЗВП Ѓорѓи Зарински, секретарот на ИО и Собранието Ефтим Мишовски и членот на ИО Ѓурѓица Ќурчиќ.



На седницата, освен членовите на Собранието, беа поканети и присуствуваа: претставниците на СЗПМ: претседателот на СЗПМ Станка Трајкова и потпретседателот Ментор Коку, потоа претседателите и претставниците на здруженијата на пензионерите од Скопје, Гостивар и Здружението на ветераните од одбраната и безбедноста и други здруженија од областа на одбраната и безбедноста на Македонија.

Претседателот на ЗВП и ИО на ЗВП, Ѓорѓи Зарински, ги поздрави присутните и поднесе извештај за работата, активностите и успесите на ЗВП од формирањето до денес, како и за тешкотиите и напорите кои се преземаат да се обезбеди поголемо членство за опстанување на Здружението. Во рамките на одржувањето на седницата беа доделени признанија и благодарници за искажани резултати и успеси во досегашната работа на здружението и соработката со сродните здруженија од Скопје и Републиката.

Претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, како и останатите претставници од другите здруженија и институции, со свое обраќање му го честитаа 30–годишниот јубилеј на ЗВП.





По завршување на свечената седница имаше заедничко дружење.

Одбележувањето на јубилејот се заокружи со завршната активност: свечена културно–забавна програма која се одржа на 11.12.2022 година во Домот на АРМ. Пред масовната публика во салата, пејачката група на ЗВП во придружба на оркестарот на железничкото КУД „Владо Тасевски“ и овој пат се претстави со обработки на народни песни од непресушниот извор на македонската фолклорна ризница.

Железничкото КУД „Владо Тасевски“ ја имаше носечката улога со изведба на повеќе игроорни фолклорни плетенки со прекрасна кореографска поставка. Како гости настапија и: пејачката група „Серенада“ и оркестарот од народни инструменти „Наши ноти“. Со тоа, уште еднаш се потврди меѓусебната соработка на ЗВП со здруженијата од другите општини во градот и пошироко и други културни институции.

**Славјанка Димова**

# 25 години творештво на Митре Николов



Со „Гоцевата мисла“ на „Поетски вечери“, водени од „Зборот на поетот“, направивме „Пресек на времето“. „Од трн на глог“ со „Фаланга до драките“, влеговме во „Драки“, и наидовме на „Магарешки трња“. Си рековме ова мора да е „За парталот“, за „Парталот втор, трет“. Тој рече земете не „Во свои раце“ и „Оставете нè на прагот“. После „Десет години активност“, „Со отворени зборови“ „Рекоа“ дека сè „Излезе на виделина“.

Седејќи на „Пазарџиски триножници“ користејќи ги „Стапот и зборот“ плетевме „За дрвјата сонети“ и „Од сè по нешто“ направивме „Турлитава“ направивме „Дробено“. Но, на крај со „Пријателство на мир“ дојдовме до „Сознанија“, и користејќи „Биографски песни“ исплетовме „Сонетно оро“.

Оваа приказна е исткаена од насловите на книгите создадени од стиховите и прозата на поетот пензионер Митре Р. Николов од Свети Николе.

Николов потекнува од Демир Хисар. Завршува Економски факултет и Виша земјоделска школа. Се вработува во Индустриско–земјоделскиот комбинат во Свети Николе.

Со промените на просторите на СФРЈ, се распаѓа и Комбинатот и авторот како и многу други, станува стечаен работник. На пазарот на тезга продава разни ситници, но неопходни нешта. Тој, со тие со него, секојдневно се борат со суровоста на животот, за да преживеат. Во своите дела опишува вистински настани со емотивни зборови кажани на дијалектот од каде што е раскажувачот на настанот. Во поезијата и во прозните текстови се среќаваме со литературно духовно богатство, а читателот може да се наслади и со по некои афоризми и шеги. Поезијата со својата содржина влојае на читателот како мелем на душата.

Неодамна салонот во Градската библиотека при Домот на култура во Свети Николе

беше полна со посетители – љубители на пишаниот збор. Фамилијата, роднините и пријателите дојдоа да честитаат и изразат почит на Митре Николов за ретроспектива на 25–тата годишнина на неговото творештво. Присутните уживаа во цитатите од стиховите и од прозата на Николов. Програмата беспрекорно ја водеше Ненад Јованов, магистер – оперски тенор од Свети Николе. Покрај свечената атмосфера публиката уживаше и во преубавиот глас и изведби на изворни македонски песни од Јованов.

За творештвото на Николов пофални зборови кажа професор д–р Јосиф Тошевски од Свети Николе и Светолик Николов од Свети Николе. Авторот искрено и топло се заблагодари на присутните што одвоија време да дојдат и заедно да го обележат овој значаен ден за него. Се заблагодари и на сите кои придонесоа настанот да помине достоинствено во добра и весела атмосфера.

**Вукица Пертушева**

Битола

# Достоен следбеник на Стале Попов



Еден од поактивните членови на ЗП Битола е Јован Ѓуровски, високотиражен писател, кој неодамна го издаде романот „Резервна Глава“, романизирана повест за војводата Јован Ѓуров – Ѓуровчето. Во романот се среќава интересна поставка каде што авторот презентира замислен дијалог со војводата, при што го пикажува неговиот живот и борба во времето на минатиот век. Стилот на раскажувањето е лесен, (со употреба на коренити локализми) разбирлив, приемлив и за пребирливите читатели. Како и во останатото творештво и во овој роман е препознатлив по раскажувачките спреги од нашето поблиско минато.

Да спомнеме дека Јован Ѓуровски е потомок од семејната лоза на нашиот познат писател Стале Попов, кој, како што вели: „Можеби не по талентот, ама по желбата за пишување, ја наследив токму од него“.

Пензионерските денови ги минува во своето родно село Старавина, Мариово, а само во зимските месеци престојува во градот.

– Особено задоволство ми причинуваат раните утрински прошетки по околината, и обработка на едно парче земја во мојот двор. Меѓутоа, најдов дека Старавина и околината се исклучителна можност за работа на еден писател, творец, или кој било уметник, заради чистата околина, спокојството и мирот. Ова се однесува за секое годишно време, но од познати причини зимата морам да ја поминам во градот, – вели Јован Ѓуровски.

Познато е дека во последно време сè повеќето од луѓето по пензионирањето се навраќаат на корените од прагот и таму ја наоѓаат смислата за подобар живот. Токму таму во мир и спокојство може да се упразнува секое сакано хоби, за кое во работниот век не се имало време.

– Не откривам којзнае каква тајна ако речам дека таму, во природата на нас пензионерите ни се продолжува животот, полесно се дише, се живее здрав живот, но и оживуваат спомените, се доловуваат старите приказни, настани, разни судбини и случувања кај луѓето, од каде може да се црпи материјал за расказ или роман. Токму таму, сега работам на нов ракопис, а паралелно и на собирање на севкупното мое литературно творештво, кое, желба ми е да го ставам во тврд повез во десеттомно издание.

Јован Ѓуровски има богат литературен опус. До сега има издадено дваесет и пет книги, меѓу кои, збирките раскази, романи „Пријателите на даскалот“, „Крвта вода не бидува“, „Кога вампири шетаа по село“, „Неподобен“, „На почетокот од крајот“, „И судбината не доаѓа сама“, „Секој човек башка будала“, „Слеп за секс“, „Пеколот е во рајот“, „Без свест за совест“, „Нанапред со назадгазум“, „Прчот гинеколог“, „Резервна глава“. Како и книгите со хуморески „Брецкањата на Едрејко Даскалот“, „На бавтана“, „Даскалот се збогува и од едниот ум“.

Јован Ѓуровски е еден извонреден литературен, неуморен творец, кој со својата енергија во поодминати години дава пример како треба да се почитува и работи на литературното поле.

**Добре Тодоровски**

Нова книга од Росица Митиќ

# Стихови за љубовта и добрината




Стихозбирката *Каде песно моја?!* на одреден начин ги заокружува темите и мотивите, и посебно поетиката на Росица Митиќ (1957, Куманово) од претходните објави: поезија и проза *Копнеж*, романот *Поглед во огледалото на душата* и поетската книга *Полноќни шепотења*. Во уводните стихови кои се непосредно обраќање до читателите говори за своето другарување со песната, за можноста оти некои можеби ќе се препознаат во неа и оти таа, песната за неа е живот. Во еднаш дадениот човечки живот без неа не постои, ќе се изгуби и заборави. Ако песната замине, ја напушти, останува во сопствената самотија, со празна душа и врзани раце. Може ли да живее без неа? Митиќ ја користи јас формата на изразување што ќе рече оти песната се возвишила како лирска автобиографија и документарна книга за нејзините животни и творечки врвици. Литературата не е задача на денот, случајна пројава, оти во животот нема случајности, туку е работна, поточно творечка инспирација што авторката лично ја радува и исполнува. Создава свој поглед и ставови кон човекот и зборот, времето и просторот. Во песната *Те чекам* Росица Митиќ го повикува саканиот да дојде зашто не би сакала да биде сама и тажна оти тој е нејзина љубов, радост и среќа. Тоа е оној инспиративен извор од кој потекуваат како надојдена вода стиховите откинати од трепетното срце и вознемирените мисли, копнежите и соништата, од мислата и смислата да се биде сакан и да бидеш љубен, притоа никогаш не мислејќи и не барајќи ја возвратената мера од другиот. Создадени се песни во кои наизменично се судруваат средбите и разделбите, довербата и почитта, сомнежот и интригата, а наспрема тие и такви душевни состојби се сликите како надворешен украс меѓу денот и ноќта, топлите ветришта и студените есенски дождови, светлата небесна синевина наспрема темните и облачни пејзажи што ја ежат/накострешуваат душата. Да забележиме оти во поезијата на Митиќ внатрешното/невидливото во мислата и емотивното се во хармонија со надворешното/видливото и опипливо перципирање на пејзажите.

Росица Митиќ како вљубеник во македонскиот поетски говор посебно внимание обрнува на традицијата и континуитетот на македонскиот идентитет, непокор и посебност. Навезени се стихови за празнување на Божиќ и Велигден, за прочистувањето на телото и на духот, за домот и семејството, родот и породот, љубовта кон родното Куманово и неговата револуционерна и херојска историја, најчесто сместено во одбраната украсна рамка на есента како симбол и метафора што кореспондира со животната реалност на третата доба. Тоа е времето подигнато на своевидна филозофија исполнета со содржини на искуството, мудроста, знаењето и умеењето, и вечниот копнеж за убавината на животот што треба полнокрвно да се остварува до последен здив. Оттука и нема отстапување оти по сите неволји, недоразбирања и порази, разминувања, молк и отуѓеност, во песната *Мислев ќе те заборавам* како можен крај всушност го покажува новиот пат по кој треба да се биде и да се опстане. Ете, тоа би биле и завршните пораки на Росица Митиќ до читателите оти кога би можеле да го вратиме времето сè би било поинаку. Но, притоа никако не треба да биде заборавена мудроста оти сегашноста има цврсти и логични врски со минатото и уште повеќе обврски кон иднината и без нив таа нема мисла и смисла. Токму во тие и такви димензии го разбираме и насловот на новата творечка објава на Митиќ недвосмислено содржана во насловот *Каде песно моја?!*

**В. Т.**

# Се подготвува специјално монографско издание на СЗПМ за активностите во периодот 2019-2022 година

ЗП Прилеп

# „Сакам да свирам и сакам весели, насмеани, расположени лица“

Седнат пред супермаркетот на „ТИНЕКС“ во центарот на Прилеп, со гитарата во рацете, Жарко Димитриоски познат прилепски музичар, со својата музика, со веселите акорди од народна и забавна музика им го разубавува денот на минувачите.



– Свирам затоа што сакам да гледам весели, насмеани, расположени лица. Излегов да свирам, да им го разубавувам денот на сите во овие тешки и за сите неизвесни времиња. Не свирам за да заработам пари, имам релативно добра пензија. Народот нема пари, не му е дојдено да слуша музика и да плаќа. Друго беше некогаш, кога во вакви денови пред Нова година се бараше билет повеќе за дочек на новогодишната ноќ. Тоа беше некогаш, а сега еве вака, ќе се насладуваме на музиката од телевизорите, како некогаш од радиоапаратите, – вели Димитриоски.

Инаку, Жарко Димитриоски не им е непознат на прилепчани. Тој е пензионер на 75 години, активен член во оркестарот на КУД „Пензионер“ при ЗП Прилеп. Почнал да свири уште од млади години како ученик во основно и средно училиште. Покрај на гитара, со која почнал да свири, тој е познат како добар музичар – свирач на контрабас.

– Тоа е потежок инструмент, не само за носење, туку и за свирење. Со него свирачот не може да седи и да свири како со другите инструменти, но според мене тој е основа за секаква, би рекол различна музика. Јас сум самоук, имав и имам желба, а со тоа оди и мојата дарба за музика од мали нозе.

Контрабасот и гитарата за Жарко значат најверни животни другари. Како што вели, музиката го одржува во живот. Без неа не може да живее, вели. Во повеќе музички состави, групи, Жарко има свирено насекаде во Македонија и надвор од неа. А, откако станал член на КУД „Пензионер“, пред 15 години, свири на гитара за пензионерите, и повеќе од 5 години на контрабас. Со ова КУД има учествувано на сите досега организирани музички ревии од страна на СЗПМ, а се разбира и на завршните републички фолклорни ревии. Со КУД „Пензионер“ преку ЗП Прилеп учествувал на Фестивалот за третата доба во Љубљана, Словенија. Со истиот состав на неколку наврати учествувал и настапувал на музички манифестации во Врњачка Бања.

А, Димитриоски започнал да свири како рок–музичар:

– Да започнав како рок–музичар на прилепската група „Хелп“ со која учествувавме на гитаријада во Гостивар, рамо до рамо со Драган Мијалковски и неговата група „Ленки“. А, кога во Прилеп се формира музичката група за староградска музика „Прилепски мерак“ станав член на нејзиниот состав. Најмногу свирев во Кавадарци. Цели пет години бевме добредојдени во рибниот ресторан во Мокришта. Таму снимивме и ЦД видео во студиото „Моцарт“ каде што снимале познати македонски музички ѕвезди.

Димитриоски се сеќава и на целосниот состав на оваа група: Ѓоре Ачкоски бил вокален солист, Стеван Деспотоски – гитара, Славчо Бунтески – гитара, Петре Симоноски – прим. А, Жарко – контрабас. Оваа група се расформирала и се формирала друга музичка група, бендот „Легенди“ во која свирел електрична гитара, а Стојан Тасески од Тополчани на синтисајзер. Со овој бенд свиреле десетина години во ресторан во Ресен каде што биле како да се тамошни. Ресенчани биле задоволни така што за многу дочеци на Новогодишните празници таму редовно свиреле.

– Нема музика што не ја сакам. Исто така, сакам и граѓаните да бидат весели и расположени, особено во вакви времиња и невремиња, а особено пред Нова година, – вели Димитриоски.

**К. Ристески**

ЗП Ѓорче Петров

# „Вдлабнато минато“ нова стихозбирка од Трајче Донев




Со литература Трајче Донев почнал да се занимава уште во ученичките денови. Неговата најнова збирка песни „Вдлабнато минато“ го отсликува подолгиот период од неговиот живот. Неговата поезија е како слика од зборови. Неговите стихови кои потекнуваат од длабочината на душата на Донев го открива она што тој го доживува. Трајче Донев е автентичен поет, чии стихови произлегуваат од еден изграден свет. Кај Трајче Донев, постои голема љубов кон пишаниот збор, нижејќи зборови претворени во стихови, остроумни, топли, весели и полни со фантазија. Тој во своите стихови, открива делови од животот кои се подзаборавени, движејќи се низ неговото поетско изразување и неговата лирска енергија.

Инаку во оваа стихозбирка се застапени триесетина песни, на разни тематики и во истата има песни за сечиј вкус. Искрени честитки за пензионерот Трајче Донев, за неговата неисцрпна енергија, упорност и желба да остави повеќе збирки поезија и со својот автентичен поетски дух да се покаже како неуморен поет.

Книгата финансиски е поддржана од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**В. П.**

Тетово – ЗИТ КИП, Конституирани новите органи

# Гидо Бојчевски, повторно избран за претседател



Во Здружението на инвалиди на трудот – корисници на инвалидска пензија во Тетово, успешно се завршени изборните активности. Сите дејствија се остварувани според утврдените термини. Одржана е и конститутивна седница на која е извршен избор на органите и телата. Новиот состав на Собранието го сочинуваат 19 членови, Претседателството е со 9, а Надзорниот одбор со 3 членови. За претседател повторно е избран Гидо Бојчевски, потпретседател е Сабри Сабриу, за секретар е именуван Тодосија Анѓелковски. Зорица Јовановска ќе го води Надзорниот одбор додека Сребра Стојковска повторно ќе раководи со Активот на жени со 60 членки. Инаку, ова здружение го сочинуваат околу 1 600 членови во 26 месни организации.

На конститутивната седница на Собранието е констатирано дека во изминатиот четиригодишен период се работело домаќински, економично и во интерес на сите членови. Некои од планираните активности не биле спроведени поради пандемијата од короната. Инаку, само во текот на минатата година ова здружение доделило еднократна парична помош на 100–тина членови, а притекна и со друга помош, пред сѐ, на потешко болни и немоќни. Отчетноста и транспарентноста во работата на ЗИТ КИП Тетово е одлика која посебно влијае членството да биде задоволно од ангажираните активисти и раководни личности. Посебно за одбележување се активностите што се спроведуваат преку активот на жени. Според Сребра Стојковска, од страна на членките вршена е посета на домовите, согледувани се потребите и притекнувано е во непосредно помагање. „Посебно сме ангажирани преку асоцијацијата „Етно вешта жена" преку која организирано произведуваме домашни производи, кои потоа ги продаваме, а со собраните пари ги помагаме децата со посебни потреби, пред сѐ ученици во неколку училишта во Тетово и селата. Дејствуваме како вистинско семејство во кое нема никакви поделби на политичка, или етничка припадност. Заедно се дружиме, се договараме и меѓусебно се помагаме", вели Стојковска.

Како потврден активист, покрај претседател на општинското здружение, Гидо Бојчевски е и претседател на Сојузот на здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија, со 12 000 членови од 14 општински здруженија.

„Нашиот сојуз е производ на една појава од 1997 година, до кога бевме сите во единствен сојуз. Прв се издвои Сојузот на инвалидските пензионери со 6 општински здруженија и околу 3 400 членови, потоа се случи истото и со Националниот сојуз на трудови инвалиди во кој пристапија 18 општински здруженија со околу 10 000 членови. Уште околу 3 000 членови дејствуваат во рамките на здруженијата на старосни пензионери. Или, како што може да се заклучи, нашето членство дејствува на четири страни, разединети, со вкупно околу 28.000 членови. Вака поделени, не сме во можност заедно да сме активни и организирано да ги остваруваме нашите права и обврски. Се надевав дека ќе се донесе Законот за пензиско организирање, но ваков закон не се донесе, иако повеќе од 10 години се наоѓа во надлежноста министерство. Со овој закон ќе се придонесеше повеќе состојби да се надминат и со единствени цели и задачи да настапуваме пред органите на државата. Не можам да разберам зошто има отпори за обединуваме во единствен сојуз. Сепак, мислам дека се во прашање само лични интереси, што не е гаранција за остварување на потребите и барањата на членството", вели Гидо Бојчевски.

На прашање дека паралелни здруженија постојат и во општините, посочувајќи го случајот со Тетово, нашиот соговорник потврдува дека постои паралелно здружение со околу 400 членови, за кое смета дека не е во состојба да остварува организирани активности, а особено да им помогне на оние членови на кои им е неопходна помош. Бојчевски вели дека ваква состојба се забележува и во други општини и региони, но истовремено е оптимист дека на сите овие појави ќе им биде ставен крај и ќе се оневозможи самоволијата да надвладуваат.

**Гојко Ефтоски**

Штип

# Орден „Свети Никола" за познатиот поет и преведувач Михаил Ренџов



По пандемијата оваа 2022 година во храмот Св. Никола во Штип, на свечената академија по повод заштитникот на градот под Исарот, се доделија награди за придонес во различни области на заслужни граѓани и институции.

Градоначалникот Иван Јорданов, ги поздрави присутните и наградените и нагласи, дека со години се додедувани многу награди на заслужни граѓани за самопрегорната работа и придонес за човештвото, додека годинава се доделени три златни плакети, и тоа на: професор д–р Снежана Мирасчиева, на здружението „Порака" и на новоотворениот „Сити мол" во Штип, а највисокото признание Орденот со ликот на Свети Никола го доби поетот, раскажувач и преведувач, Михаил Ренџов.

Михаил Ренџов е роден во Штип 1936 година. Во гимназиски денови свои лични творби објавува во „Млад Борец", а Правен факултет завршува во Скопје. Во тој период објавува во весникот „Студентски збор". Еден период работи како правник во Штип и го формира „Младинскиот театар на поезијата", каде што прави избор на стихови, а актерот Алеко Протогеров ги поставува на сцената. Во 1956 година на СВП добива награда за необјавена песна, а издавачката куќа „Кочо Рацин" му ја објавува првата збирка „Иселеник на огнот", за која ја добива 8–мо ноемвриската награда на градот Штип. Во 1969 година се преселува во Скопје. Се редат книги, патувања во: Бугарија, Русија, на Света Гора. Како пензионер живее во Нерези кај манастирот Св. Пантелејмон. Во дружба со фреските, се раѓа збирката „Нерези" за која ја добива наградата „Браќа Миладиновци" и наградата 11 Октомври на град Скопје. Се редат збирки и награди.

Михаил Ренџов има и богата преведувачка активност. Застапен е во „Песме" на српски јазик, „Поезијата и пеперугата" на романски, „Фенер" на албански, „Сотворенија чоловекови" на руски јазик. Тој е добитник на наградата „Златно перо" и наградата „Григор Прличев". Го има преведено и епот „Гилгамеш". Обемно е неговото творештво во областа на литературата за да се опфати во само еден прилог. За своите внуци посветува стихови во збирки за деца.

Ренџов е член на ДПМ, а пензионерските денови сѐ уште ги користи за творење, како аманет за младите генерации. Тој вели: трнлив е патот на творецот, ако нема поддршка од семејството и од сродни творци, тешко ќе успее.

**Цвета Спасикова**

# Основни принципи кои треба да се почитуваат во меѓугенерациските односи

Меѓугенерациската семејна констелација претпоставува дека членовите во семејството меѓусебно комуницираат како на вертикално ниво (остарени родители – нивните деца родители – децата на децата родители, т.е. барем три генерации), така и на хоризонтално ниво комуницираат припадниците на исти генерации (браќа и сестри).

Искуствата од психотераписката практика, недвосмислено покажуваат дека нерешените конфликти меѓу генерациите, негативните емоционално студени односи меѓу родителите и децата, најмалку барем треба да бидат разгледани од аспектите на условите и причините зошто биле такви. Нерешените конфликти, негативните емоции и размислувања, негативните модели на меѓусебни однесувања, негативното видување и искусување на родителството, ако не се преобразат во позитивни, се пренесуваат како такви на следните генерации. Затоа сретнуваме многубројни предрасуди и стереотипи на едните за другите генерации (пример, помладите за повозрасните и обратно). И уште позначајно, меѓугенерациските трауми на различен начин преминуваат на следните генерации кај кои се сретнуваат повеќе проблеми со физичкото и менталното здравје, разни видови зависности, (само)повредувања и насилства.

Меѓугенерациски здрави, топли емоционални врски, поддршка, соработка и помагање меѓу поединците од различни генерации во семејството, во непосредната заедница како и пошироко, биле и сѐ солидна основа како за личен така и за општествен просперитет.

Некои основни принципи кои треба да се почитуваат во меѓугенерациските односи се: 1. Не е дозволено една генерација да ја експлоатира друга;

2. Да не се поставуваат неразумни и исти ограничувања, условувања и вредности за различните генерации;

3. Да се овозможи флексибилност секоја генерација да ги оствари своите позитивни цели;

4. Да се стимулираат заеднички активности меѓу лица од различни генерации кои се од корист како за поединците, така и за потесната и пошироката заедница...

Повозрасните и помладите можат да играат заедно, да волонтираат, да шетаат, да посетуваат музеи и историски места, да разговараат на различни теми, да пренесуваат различни знаења и вештини, да го споделуваат тоа што го имаат и умеат, да си даваат поддршка и заемна почит... Денес е видлива разликата во начинот на комуникација меѓу помладите и повозрасните во директната комуникација, во употреба на новите технолошки достигнувања, во изборот на медиумите, брзината на давањето пораки и опширност во искажувањата. Успешната комуникација претпоставува да се почитуваат овие разлики.

**проф. д-р Олга Мурџева - Шкариќ**

ЗП Крива Паланка

# Потпишан грант од вториот јавен повик за социјални услуги на локално ниво



Пред да се потпише договорот за грантот од вториот повик за социјални услуги на локално ниво, претходеше работилница која се одржа во општинската сала во присуство на пензионери членови на клубот „Достоинствен живот" при ОО на Црвен крст, волонтери и корисници на услугата во домашни услови, како и претставници на ЗП Крива Паланка и Ранковце. На работилницата присуствуваше и градоначалникот на Општина Крива Паланка Сашко Митовски, на која на видеобим беше презентиран почетокот и развојот на социјалната услуга.

Грижата на стари лица во почетокот ја извршуваа мал број обучени лиценцирани волонтери, при што биле опфатени 21 корисник. Со зголемување на бројот на лица кои користат социјална услуга, се обучени околу триесет лиценцирани негуватели, а нивната работа ја координира еден волонтер во просториите на ОО на Црвен крст.

Градоначалникот Сашко Митовски кој задоволен од постигнатите успеси во социјалните услуги, поздравувајќи ги присутните, го најави вториот јавен повик за грант кој се однесува на социјалните услуги на стари лица. Исто така, најави дека е изготвена планска документација за преадаптирање на ученичкиот дом „Боро Менков" во старски дом во кој ќе се сместат осамени стари лица.

Овој грант, Општина Крива Паланка го доби како резултат на одобрена проектна апликација, поднесена во рамки на вториот јавен повик за доделување на грант за развој на социјални услуги на локално ниво, во рамки на проектот за подобрување на социјалните услуги, кој ќе се реализира од страна на Министерството за труд и социјална политика со финансиска поддршка од Светска банка.

Градоначалникот Сашко Митовски а во присуство на секретарот на ОО на Црвен крст Дарко Пешовски, го потпиша договорот за грантот со министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска, во висина од 5.922.179 денари. Во рамки на настанот за потпишување Договор за грант, беа презентирани резултатите од повикот, како и следните чекори во развојот и имплементацијата на избраните проекти и социјалните услуги.

**Б. Стојчевска**

ЗП Кратово

# Период со голем број активности

Кон крајот на 2022 година, Здружението на пензионери на Општина Кратово имаше голем број активности. Комисијата за спорт и рекреација расправаше за постигнатите резултати, како на регионалните, така и на републичките спортскии игри на пензионерите, при што беше констатирано дека се постигнати одлични резултати.



Статутарната комисија ги разгледа донесените одлуки на Извршниот одбор и на Собранието на ЗП Кратово при што констатира дека истите се усогласени со Статутот на Здружението. Комисијата за култура и ревии исто така расправаше за реализираните програмски активности, при што даде свое мислење дека во однос на регионалните ревии постои нереално вреднување на учесниците кои се пласираа на Републичката ревија. Беше истакнато и постигнувањето успеси на пензионерите членови на Кратовските тамбураши кои на Меѓународниот фестивал на шлагери и старогградски песни „Пеј срце" во Кустенил (Р Бугарија) ја освоија престижната Гранд при награда за оркестри.

На седницата на Извршниот одбор на ЗП Кратово покрај одлуката за временото финансирање, а на која беа донесени и други одлуки, беа поканети и пензионери кои освоиле награди.

**Методи Мишевски**

# Порака

**Пензионерките во населба Драчево**
**секоја среда редовно состанок одржуваат,**
**сложни и хумани, меѓусебно се почитуваат.**
**Болните и изнемоштените често ги посетуваат.**
**Нивните убави зборови знаат и да лекуваат.**

**Често организираат спортувања.**
**Но, не забораваат и на заеднички патувања.**

**На нивната претседателка името и е Блага.**
**Таа ведра и активна, на сите им е драга.**

**Со многуте активности и идеи**
**пензионерите прекрасно се чувствуваат,**
**успешните резултати ги поздравуваат**
**и порачуваат:**
**Другарството да го чуваме и негуваме.**
**Само така во сѐ ќе победуваме!**

**Душко Мушковски**
**Пензионер од н. Драчево**

# Konferencë vjetore e Qeverisë: "Vit i mundësive të reja"

Qeveria e RM së Veriut, më 30 dhe 31 janar 2023, në hotelin "Aleksander Pallas" ka organizuar panel konferencë vjetore "Vit i mundësive të reja" me tetë panel sesione. Në secilin sesion përpunohej temë e veçantë. Në panel sesionin e parë fjalën e pati premieri i RMV, Dimitar Kovaçevski. Qëllimi i konferencës vjetore është që përmes diskutimit të bëhet prerje i masave dhe ngjarjeve qeveritare në vitin 2022, me theks për drejtimet e ardhshme dhe vizioni për vitin 2023. Në panel sesionin e katërt është përpunuar tema "Politikat sociale dhe shëndetësore në kohë krize", në të cilën debatohej për efektet nga masat kundër krizë, metodologjitë e reja për rritjen e rrogës minimale dhe mesatare, metodologjia e re për rritjen e pensioneve, si dhe për politikat sociale në vitin e kaluar dhe të ardhshëm. Moderator i sesionit ishte prof. d-r Natasha Stanojkovska Trajkovska, prodekan i Fakultetit filozofik.

Pjesën e katërt të panel diskutimit e ka hapur ministri për shëndetësi, d-r Bekim Sali, Ministrja për punë dhe politikë sociale, Jovanka Trençevska, Këshilltarja për shëndetësi e kryetarit të Qeverisë së RMV, Ana Daneva Markova, Masimilijano Paoluçi, drejtor i Bankës botërore në RMV, koordinatorja ekzistuese e KB në RMV, Rosana Duxhiak. Në panel sesionin fjalë pati edhe kryetarja e Lidhjes së pensi-




onistëve të Maqedonisë, Stanka Trajkova e cila me këtë rast ka thënë:

- Sistemi ynë pensionist maqedonas është reformuar dhe në të është përfshirë komponenta kapitale si komponentë e detyrueshme sigurimi kapital i financuar pensionist-shtyllë e dytë dhe shtyllë e dytë dhe e tretë-financim kapital vullnetar sigurimi pensionist. Karakteristika kryesore e një sistemi pensionist të cilat janë vënë në korniza tona juridike janë: qëllimet, kush është patronazh, si etnitet kryesorë, kush i kontrollon mjetet e sistemit pensionist, kush është i përfshirë në të, kush i paguan kontributet, normën e zëvendësimit, kush rrezikon, rroli i rrogës gjatë caktimit të lartësisë së pensionit dhe indeksimi, respektivisht harmonizimi i pensionit. Meriton të thuhet se LSHPM, si organizatë qytetare, së pari herë nga veprimi i sajë pati mundësi të marrë pjesë në krijimin e metodologjisë së re, respektivisht mënyrën e re të harmonizimit të pensioneve me qëllim që rritja e rrogave dhe shpenzimeve, të bëhen në përqindje të barabartë. Por, Lidhja vazhdoi ta përcjellë metodologjinë e re për harmonizimin e pensioneve se si ajo ndikon në lartësinë e pensionit dhe Lidhja tanimë ka propozime të reja e sidomos është me rëndësi propozimi që pensionet të harmonizohen nga 1 janari dhe 1 korriku të vitit dhe kështu pensioni e harmonizuar do të paguhet për të gjithë 12 muajt. Dihet se masat kundër krizë janë zgjidhje afatshkurtër, por pensionistët propozojnë edhe zgjidhje afatgjate, sidomos në domenin e sigurimit shëndetësorë, siç është nevoja për sjelljen e Listës së re pozitive për barëna, funksionim i njëkohshëm i mjekut në teren dhe barnatore lëvizëse në mjediset rurale, ngritja e limitit, respektivisht lartësisë së pensionit për lirim nga participimi gjatë shërimit në spital, çështja e humbjes i hapësirave gerijatrike.Të theksojmë se në këtë vit 2023 si "Vit i mundësive të reja" të mbështetet edhe ndërtimi i shtëpive për pleq të cilat do t'i përgjigjen lartësisë së të dhënave të pensionit, ndërkaq kërkesë me rëndësi është që gradualisht të ju jepen objektet pensioniste të ndërtuara me mjetet e pensionistëve, - ka theksuar Trajkova.

**Vasil Paçemski**

Mbledhje me SP "Pyjet nacionale" në LSHPM

# Dru për ngrohje me këste për pensionistët

Në lokalet e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, më 7 shkurt 2023 është mbajtur mbledhje lidhur me problemet që kanë të bëjnë rreth furnizimit me dru për ngrohje. Në këtë mbledhje, pos Kryetares së LSHPM StankaTrajkova, kanë marrë pjesë përfaqësues nga SP "Pyjet nacionale" dhe kryetarë të më shumë shoqatave pensioniste të Maqedonisë. Në fillim, Kryetarja e Lidhjes ka përshëndetur përfaqësuesit nga SP "Pyjet nacionale" dhe kryetarët e pranishëm të shoqatave pensioniste. Ajo ka theksuar se gjatë disa viteve Lidhja rregullisht organizon takime me kryetarët e SHP dhe përfaqësues të SP "Pyjet nacionale". Në këtë takim është e nevojshme të shohim problemet me të cilat përballen në shoqatat e pensionistëve e që kanë të bëjnë me furnizimin me dru për ngrohje, me qëllim që të tejkalohen, temë e cila vazhdimisht është e pranishme në këto mbledhje.



Gjatë mbledhjes, kryetarët e shoqatave të pensionistëve kanë theksuar problemet me të cilat përballen rreth furnizimit me dru për ngrohje. Të pranishmëve ju ka folur përfaqësuesi i SP "Pyjet nacionale" i cili ka theksuar se edhe pse ka probleme rreth sigurimit të sasisë së mjaftueshme të druve, do të bëjnë gjithçka që është e mundur në kompetencat e tyre që të dërgohen të gjitha sasitë e kontraktuara të druve për ngrohje. Më pastaj diskutimi ka vazhduar në theksimin e njëpasnjëshme të problemeve nga kryetarët e shoqatave.

Në fund, Kryetarja Trajkova ka propozuar këto konkluzione:

1. Të përgatiten kontrata të unifikuara për furnizimin me dru, ndërkaq, "Pyjet nacionale" t' i dërgojnë deri në shoqatat dhe ato të përdoren nga ana e shoqatave. 2. Në raport me përmbajtjen e kontratës, duhet pasur kujdes të asaj dispozite e cila është e rëndësishme e ajo është në raport me lartësinë e çmimit të druve. 3. Pagesa e druve të bëhet kësti i parë ashtu siç ekziston në kontratë, ndërkaq, për më tej pagesa të bëhet pas dorëzimit të druve. 4. Të garantohet çmimi i kontraktuap me kontratëdhe ajo të mos rritet nga ana e operatorit ekonomik. 5. Për lidhje të kontratave me operatorët ekonomik të cilët kanë licenca për furnizim me dru, shoqatat e pensionistëve të drejtohen në SP "Pyjet nacionale", për të marrë rekomandim. 6. Gjatë lidhjes së kontratave për porosinë e druve për ngrohje porosia të bëhe vetëm për shfrytëzues të pensionit.

Në mbledhje është theksuar problemi me furnizimin edhe me bartjen e druve nga ana e operatorëve të cilët janë faktor kyç, të cilave "Pyjet nacionale" u jep rekomandime përparësie për marrjen e druve e atë përparësi ta kenë pensionistët si grup qëllimor i rrezikuar.

**V. Paçemski**

# Premieri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe ministrja për punë dhe politikë sociale Jovana Trençevska në takim pune në LSHPM

Premieri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Dimitar Kovaçevski i shoqëruar nga ministrja për punë dhe politikë sociale Jovana Trençevska, në gjysmën e muajit janar 2023, në lokalet e Lidhjes të shoqatave të pensio-




nistëve të Maqedonisë, kanë realizuar takim pune me drejtuesit e Lidhjes. Në takim është biseduar për çështje të rëndësishme të cilat kanë të bëjnë me sigurimin e jetës me dinjitet dhe siguri sociale të popullatës më masive në shtet, si grup shumë i rëndësishëm qytetarësh në shoqëri.

Në fjalën hyrëse, Kryetarja e LSHPM, Stanka Trajkova, ka përshëndetur mysafirët, premierin Dimitar Kovaçevski dhe ministren për punë dhe politikë sociale Jovana Trençevska, e cila u ka uruar Vitin e ri, me ç' rast u ka shprehur falënderim për vizitën dhe për kohën e ndarë që të marrin pjesë në këtë takim dhe t' ju japin përgjigje dhe informacion pensionistëve, për çështje të rëndësishme që kanë të bëjnë me jetën e pensionistëve, me ç' rast, ndër të tjera, ka thënë:

- Duke i falënderuar metodologjisë së re, pensionet janë harmonizuar me rritjen e rrogave dhe shpenzimeve të jetës. Përveç pagesës me rregull dhe harmonizimit me rregull, shprehim falënderim që edhe në kohë masash kundër krize të cilat u sollën, nuk u harruan edhe shfrytëzuesit e pensionit. Propozohet që pensionet gjatë vitit të paguhen për të gjithë 12 muajt. Me atë vihen në pozitë të barabartë juridike të gjithë pensionistët të cilët realizojnë të drejtë pensioni në vitin në vijim që të mos ketë dallim në nivelet e pensioneve të cilën e realizojnë në të njëjtat kushte. Kërkesë e dytë të cilën dua ta parashtrojë është që të jepet bazë juridike për harmonizim degresiv, respektivisht, pensionet më të ulëta të harmonizohen me përqindje më të madhe edhe atë vetëm në periudha të caktuara. Lidhja ka ngritur nismë që të ndryshohet ligji për shoqata dhe fondacione, me ç' rast do të gjendej ndonjë zgjidhje për dhënien e objekteve pensioniste në shfrytëzim afatgjatë shoqatave. Si e tretë, dua të shpreh falënderim për Qeverinë për vendimin për marrjen e statusit me interes publik të Lidhjes.

Premieri Dimitar Kovaçevski, pasi i dëgjoj kërkesat, ndër të tjera tha:

- Për vitin 2023 kemi ndarje rekorde të mjeteve në buxhetin për pensione, ajo është në raport me tërë buxhetin përqindje e madhe dhe kemi transferuar gjysmë milioni euro në FSPIM (FPIOM) që të mos ketë asnjë ndërprerje në pagesën e pensioneve. Në lidhje me kërkesën për objektet, gjithkund ku objektet janë pronë e RMV dhe e gjitha është legale, do ua japim shoqatave.

- Kërkesat nga LSHP që i kemi marrë dhe e gjithë ajo që është thënë në pjesën për përmirësimin

e jetës së pensionistëve, përmes dialogut me LSHPM, do të shohim çka është reale dhe shpejtë e realizueshme edhe do ta bëjmë. Na theksuam se duhet të mendojmë edhe për pension minimal për të cilën në vitin 2023 mund të fillojmë bisedime, - ka thënë ministrja Trençevska.

Premieri dhe ministrja kanë vizituar bibliotekën e Lidhjes, e më pastaj kaë mbajtur pres konferencë. **V. Paçemski**

# Marrëveshje për punë të dobishme

Fakulteti stomatologjik në përbërje të Universitetit "Shën. Kirili dhe Metodi" në Shkup dhe Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, më 3.2.2023, në lokalet e Lidhjes kanë nënshkruar Memorandum për bashkëpunim.

Me Memorandumin është paraparë përparimi i shëndetit oral te pensionistët përmes marrjes së masave kurative dhe preventive nga ana e studentëve të Fakultetit, e në mbikëqyrje të kuadrit mësimorë e gjithë kjo, në kuadër të mësimit praktik. Bartës të aktiviteteve për implementimin e këtij Memorandumi janë ISHP Qendra universitare klinike stomatologjike "Shën. Pantelejmon" - Shkup dhe Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë në teritorin e Shkupit.

Në këtë ngjarje, nga ana e Fakultetit stomatologjik ka marrë pjesë dekani prof. d-r QiroIvanovski, prodekanja për mësim prof. d-r Sanja Pançevska dhe sekretari i Fakultetit, d-r Vllatko Kokolanski, ndërkaq nga ana e Lidhjes ka marrë pjesë kryetarja Stanka Trajkova, nënkryetari i Këshillit ekzekutiv i LSHPM Mentor Qoku dhe kryetarë shoqatash nga territori i qytetit të Shkupit.

Në pajtim me këtë Memorandum për bashkëpunim në mes të Fakultetit stomatologjik - Shkup dhe Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, janë mundësuar kontrollime stomatologjike pa pagesë dhe shërbime stomatologjike për qytetarët e




moshës së tretë, në korniza të mësimit praktik të studentëve.

Pensionistët e interesuar mund të caktojnë kontrollime stomatologjike pa pagesë në këtë numër telefoni: 071/223-320, çdo ditë pune në periudhën nga ora 8:00 deri më 14:00. Kontrollimet stomatologjike do të realizohen nga data 20.2.2023 deri më 24.2.2023 në terminin e caktuar paraprakisht.

**Vllatko Kokolanski**

SHP Çair

# Punë me përgjegjësi dhe nikoqirllëk

Shqyrtim dhe miratim i Propozim - Programit për punë dhe Propozim - Planit financiar për vitin 2023, ishin pikat kryesore të rendit të ditës në seancën e Kuvendit të SHP Çair, e cila u mbajt më 28 dhjetor. Seancën e ka drejtuar Rauf



Hamidi, kryetar i Kuvendit, i cili në fjalën hyrëse ka theksuar rëndësinë e seancës në fjalë të anëtarëve të Kuvendit, në aspekt të shqyrtimit të asaj që është punuar dhe krijimin e kushteve për arritjen e rezultateve më të mira. Në Programin për punë të Shoqatës, janë planifikuar aktivitete të shumta të cilat dalin nga detyrat e Këshillit ekzekutiv, nga Statuti i Shoqatës dhe Programit vjetor të Shoqatës. Në të, ndër të tjera theks i është vënë pjesëmarrjes në garat sportive komunale, regjionale dhe republikane dhe pjesëmarrja në revyalet e këngëve, muzikës dhe valleve në nivel regjional dhe republikan. Është paraparë forcimi i bashkëpunimit me shoqatat tjera, numër më i madh ekskursionesh në vend dhe jashtë, ndarja e ndihmës në të holla të pensionistëve të sëmurë me pensione të ulëta si dhe vullnetarizmi.

Në vazhdim të seancës, anëtarët e Kuvendit kanë diskutuar për përparimin dhe zhvillimin e mëtejmë të shoqatës si dhe vazhdimin me masivizimin e anëtarësisë që të përfshihen numër më i madh i pensionistëve në aktivitete. Sipas rezultateve të raportit financiar, mund të thuhet se është punuar me përgjegjësi dhe me nikoqirllëk dhe me të njëjtën dinamikë të vazhdohet edhe në periudhën e ardhshme. Shqyrtimi për punën e shoqatës është konstatuar se në kohë dhe në tërësi janë realizuar të gjitha detyrat programore dhe se ekonomikisht janë shpenzuar mjetet e planifikuara financiare. Pas shqyrtimit të gjerë dhe konstruktiv të këtyre dokumenteve të rëndësishme, ato njëzëri janë miratuar.

Aktivi i pensionisteve pranë shoqatës ka organizuar aksion humanitar, e cila me gjithë krizën ekonomike ishte e suksesshme, me atë që janë siguruar 10 pako me ushqim dhe pemë, të cilat janë ndarë personave të rrezikuar dhe të sëmurë. Vullnetarisht janë mbledhur 1.700 denarë të cilat janë ndarë anëtares së rrezikuar të SHP Çair.

**Vasil Paçemski**

Faqen e redaktoi Baki Bakiu

# Новите варијанти на Ковид го избегнуваат имунолошкиот систем дури и го бришат стекнатиот

Без разлика дали новата варијанта на ковид–19 ќе ја наречете „скрабл“ или „кракен“, не е важно името на подваријантата, туку начинот на кој таа комуницира со нашиот имунолошки систем. И како што влегуваме во четвртата година со ковид–19, научниците најмногу се загрижени за тоа колку претходните инфекции, вакцини и засилувачи (бустери) можат да не заштитат од новите варијанти на вирусот. Одговорите почнуваат да се појавуваат, но тие не изгледаат добро. Во написот објавен на 18 јануари 2023 во The New England Journal of Medicine, истражувачите од Медицинскиот центар Бет Израел Диконес и Националната лабораторија Лос Аламос ги детализираат непријатните способности на варијантите BQ.1.1 и XBB.1 да избегаат од неспособноста на антителата специфични за вирусот Covid. Ова е причина за загриженост бидејќи, како што напишаа авторите на ова истражување, овие варијанти „може да ја намалат ефикасноста на сегашните вакцини со mRNA“.

Пред 31 август во САД, достапните бустери за Covid–19 беа едновалентни, што значи дека содржеа вирусен генетски материјал од еден вид на вирусот. Ажурираните бустери се бивалентни и се создадени со генетски материјал од оригиналниот вид Covid–19, како и од варијантите на Omicron со надеж дека ќе понудат подобра заштита од нови и новите варијанти. Новогодишната варијанта на ковид–19 е да не зарази сите повторно (и повторно). За жал, овие рани податоци се чини покажуваат дека две од најновите варијанти можат да ги избегнат дури и бивалентните засилувачи (бустери).

Во нивната студија, истражувачите зеле примероци од серум од 16 луѓе кои примиле едновалентен бустер во 2021 година, од 15 кои добиле едновалентен засилувач во 2022 година и од 18 луѓе кои добиле бивалентен засилувач во септември 2022 година. Во сите три групи, концентрацијата на неутрализирачки антитела – кои ги имобилизираат копиите од вирусот и ги спречуваат да ги инфицираат клетките – борејќи се со оригиналниот вид „вухан“ кој се појави откако учесниците добија засилувачи, се движат од стотици до десетици илјади. Но, нивниот имунолошки одговор против некои од најновите вирусни варијанти е сериозно намален, дури и во споредба со оние што се појавија претходно. Авторите откриле дека концентрациите на неутрализирачки антитела на варијантите BQ.1.1 и XBB.1 биле помеѓу 53 и 232 пати помали од оние на оригиналниот вид на Covid–19, во зависност од добиениот засилувач.

Кина забележа 60 000 смртни случаи од ковид во минатиот месец по завршувањето на политиката „Нулта–Covid“. На 11 јануари 2023 година, Светската здравствена организација објави проценка на ризикот за XBB. 1.5, пишувајќи дека варијантите BQ и XBB се „најотпорните варијанти на антитела досега“, но предупредувајќи дека во моментов нема податоци за реалната ефективност на вакцината против оваа тешка болест или смрт од овие варијанти. Јасно е дека за овие варијанти вестите не се добри, но потребни се идни истражувања за да се утврди колку лоши ќе испаднат. Оваа студија е еден ран показател дека сè уште не сме надвор од „шумата“. Ковид–19 и неговите подварјанти сè уште се тука и не демнат. Лоша вест е дека вешто го избегнуваат нашиот имунитет и дури имаат способност да го избришат веќе стекнатиот за претходните варијанти!

**М. Дамјаноска**

# Влијанието на аерозагадувањето на појавата на венска тромбоза

Најновите истражувања доведоа до заклучок дека аерозагадувањето во значителна мерка го зголемува ризикот од појава на венска тромбоза. Кај лицата кои боледуваат од венска тромбоза (најчесто се јавува во долните екстремитети) во случај на придвижување на тромбот секогаш постои опасност од појава на инфаркт или мозочен удар, што може да доведе и до смрт. Затоа покрај тоа што треба да внимавате на исхраната, трудете се што почесто да престојувате на чист воздух, ако е тоа воопшто можно во урбаните средини.

Најновите истражувања во врска со ова се фокусирани на аеро честиците со големина од 10 микрометри и помалку, кои се попознати како PM10. Овие честички во најголема мера се продукт на согорувањето и толку се мали што можат да бидат вдишени многу длабоко во белите дробови.

Според зборовите на д–р Џоел Шварц од Харвард кој е автор на ова најново истражување и поранешните студии ја покажале врската помеѓу кардиоваскуларните болести и PM10, вклучувајќи го ризикот од срцев напад или шлог, но сега првпат се појавува значајна врска помеѓу овие честички и настанокот на венска тромбоза. Според спомenатата студија, на секои 10 микрограми зголемување на загадувањето по кубен метар ризикот од венска тромбоза се зголемува за 70%.

Сето тоа наведува на размислување какви се последици по здравјето може да има изложеноста на аерозагадувањето, оти до пред неколку години аерозагадувањето се гледало само како значаен причинител на кардиоваскуларните болести.

Истражувањето кое за потребите на оваа студија е изведено во Милано во Италија опфаќа споредување на условите за живот и изложеноста на аерозагадувањето предизвикано од продуктите на согорување кај лица кои имаат венска тромбоза и оние кои ја немаат. Во истражувањето учествувала 870 пациенти и 1 210 членови на нивните семејства и пријатели.

Во регионот каде што се вршени истражувањата поставени биле 50 контролни станици кои го мереле присуството на честичките од типот PM10 и ги забележувале резултатите.

По спроведеното истражување, се дошло до заклучок дека кај лицата со венска тромбоза изложеноста на аерозагадувањето во тек на една година било многу поголема отколку кај лицата кои ја немале. Во оваа студија била спроведена контрола на крвта кај субјектите во експериментот и дојдено е до заклучок дека кај лицата кои повеќе се изложени на овие честички крвта многу побрзо се згрутчува (коагулира). Заклучоците до кои е дојдено во текот на ова истражување се особено се значајни бидејќи покажуваат дека аерозагадувањето влијае не само на настанувањето на белодробните болести туку во значајна мерка влијае и на крвта, конкретно на нејзината можност за згрутчување, што повторно доведува до болести на срцето и мозокот, а во голема мера влијае и на останатите органи во човековото тело.

**М. Белева**

# Калин Камен, место за вистински одмор!

На четири часа пешачење од Крива Паланка, преку манастирот Свети Јоаким Осоговски ќе стигнете до месноста наречена Калин Камен. Пред вас ќе здогледате детски парк, спортски игралишта, мало вештачко езерце, ловечка куќичка, букова шума, прекрасни ливади и една голема карпа која месното население ја нарекува Калин камен. Токму таа карпа е причината заради која илјадници туристи пешачат цели 4 часа. Според легендата стара неколку векови, се верува дека во кривопаланечкиот регион, во времето на Отоманската Империја живеела млада мома која била најубава од сите девојки. Од нејзината убавина бил воодушевен и турскиот ага кој ја грабнал Калина и ја затворил во неговиот сарај. Таа, не сакала да се потурчи и да биде жена на агата, една ноќ избегала од сарајот и се упатила кон каменот под Царев Врв. Патот пешачејќи го поминала за 4 часа. Таа ноќ Калина се фрлила од карпата. Во чест на Калина, народот ја нарекува карпата Калин камен. Подоцна, оваа месност била населена од влашки семејства. Се занимавале со сточарство, одгледувале илјадници грла овци, кози, говеда и коњи. Власите кои живееле на Калин Камен се познати по квалитетот на овците, волната и пастрмата.

Секоја година на 28 август, на празникот на манастирот Свети Јоаким Осоговски, власите дарувале по 200 овци и јагниња на манастирот. Но, по нивното иселување пред 70 години, кај месноста Калин Камен може да се забележат само грнци, стомни и предмети, а на поранешните населби денес се изградени капацитети за стадата овци кои се одгледуваат на Осоговските Планини. Според некои тврдења, под влашката населба (т.н. Влашки Колиби) се наоѓа злато закопано од времето на Отоманската Империја. Тоа е причината заради која многумина нелегално вршеа ископувања на овој регион. Но, по 2000 година Калин Камен е под заштита на Општина Крива Паланка. Нелегалните ископувања се запрени, а месноста прераснува во вистинска туристичка атракција.

Калин Камен е на надморска височина од 1870 метри и претставува еден од најубавите врвови на Осоговските Планини. Располага со преубави скијачки патеки, забавен парк и ловечка куќичка и други објекти. Во неговата околина има пријатни места за одмор и рекреација и мал спортски терен, а во 2009 година за прв пат се организирале ревијално рели за возила со погон на четири тркала. Местото е познато по живописните прошетки до познатите места покрај самиот врв Калин Камен, како што се езерата на Калин Камен, месноста Влашки колиби и Влашка мандра. Денес е интересно и по одржувањето на релито „Калин камен“ (Туристичко рели „Калин Камен“). Оваа манифестација од 2009 година се одржува по иницијатива на оф–роуд возачите, а во организација на Општина Крива Паланка и Здружението на граѓани Авто–мото клуб „Офф Роад Осогово“. Релито, традиционално, се одржува на 24 мај, во чест на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј. Манифестацијата има ревијален карактер. Должината на патеката е 64 километри, а 80 отсто од неа се одвива на неасфалтиран пат. Висинската разлика помеѓу најниската и највисока точка – Царев Врв (2085 метри надморска височина) е 1500 метри. Патувањето трае околу 8 часа со паузи на учесниците, бидејќи околу 80 проценти од теренот се состои од црн пат. Додека трае патувањето можат да се доживеат сите четири годишни времиња со атмосферски премини, дожд, сонце, ветер па и снежна покривка. Осоговската планина е прекрасна, преполна со пасишта и диви коњи кои галопираат недалеку по зеленилото.

**Б. А.**

# Дрвјата лекуваат

Во народната медицина постои начин на лекување наречен – дендротерапија. Според Михаил Семјонович Виноградов, експерт за оваа проблематика, дрвјата навистина можат да лекуваат, да го исцелуваат, да го стабилизираат човечкиот организам, да го нахранат со енергија. Најдобри во тоа се дабот, брезата и борот, но и кедарот, багремот, јаворот, јаболкото, сливата. Но, има и такви кои на човекот може да му ја „украдат“ енергијата. Тоа се разните видови тополи, американската вишна и други.

Постојат записи и преданија дека уште во претхристијанската ера девојките оделе кај брезите за да соберат позитивна енергија, за бракот и животот да им бидат среќни. Ранетите војници ги ставале под даб за да им даде сила и побрзо да им заздрават раните. Правилата на комуникација со дрвјата со цел да се добие енергија и исцелувањето се многу природни и едноставни: треба да застанете со лицето наспроти дрвото – давател на енергија, на растојание од 40–60 см, да ги затворите очите и да се опуштите. По опуштањето се прават вежби на дишење, кои помогаат во распоредување на добиената енергија низ целото тело. Комуникацијата со дрвјата не треба да трае долго, не повеќе од неколку минути и тоа е најдобро да се прави во раните вечерни часови, пред спиење. Се поставува прашањето што да прават жителите на големите градови, кои немаат парк или шума во близина? Специјалисти за дендротерапија предлагаат да се користат тенки парчиња кои се исечени од различни видови дрвја или да се користи стол или кревет направени од дрво.

Покрај тоа што има дрвја кои даваат енергија, има и такви кои ја одземаат енергијата. Најсилни во тој поглед се сите видови тополи и врби. Послаби, но исто така познати се и костенот, елката, американската вишна и други. Тие се одлични за лекување на некои психички заболувања бидејќи ја одземаат вишокот енергија и влијаат смирувачки. Дентротерапологите препорачуваат кога човек е тажен, напнат или вознемирен да се допре со целото тело со грбот или со дланките до некое од овие дрвја. Настанува смирување на напнатоста и вознемиреноста. Едноставно – гушнете го дрвото како сакан другар и пријател. Во оваа „прегратка“ не се препорачува да престојувате подолго од 20 минути. За терапијата подобро е да се користи живо дрво, а не некој негов дел, но во случај кога немаме такво во близина може и тенки парчиња, подобри се од горниот, отколку од долниот дел на дрвото. Можеби дендротерапијата нема многу да ви помогне, но, никако и нема да ви одмогне!

Брезата ја опевале многу писатели, а Есенин и посветил повеќе стихови. Во литературата постојат рецепти за лекување со разни делови од брезата: со листовите, кората, пупките, сокот и др., бидејќи таа е многу лековита. Лековита е дури и габата која расте на неа – чагата. Брезата е лековита затоа што е исклучително богата со биолошки активни материи. Во листовите има етерични масла, витамини, каротин, флавоноиди. Младите лисја содржат и протеини, масти и витамини. Чаевите од листот на брезата се одлични против високиот крвен притисок, а ги ублажуваат и болките. Различни билни препарати од бреза ја подобруваат циркулацијата, ги разградуваат тромбовите, ја негуваат косата, па затоа се препорачуваат кај тромбофлебитисите, против воспаление на кожата, пневмонија, бронхитис, болести на жолчното кесе, инфекции на уринарниот тракт и друго. Таа го забрзува заздравувањето на раните, ја регулира работата на црниот дроб. Со чај од лист од бреза се мие косата, за да биде силна, густа и светла. Брезата, исто така, помага за концентрација, ги зајакнува вниманието и телото.

Покрај брезата полза и лековитост имаат и други дрвја:

**Дабот** има одлични лековити својства, пред сè се користи како терапија против стрес. Ја активира циркулацијата и го намалува времето на заздравувањето. Дабот е еден од најдобрите генератори на позитивна енергија. Добро ќе било во домот да имаме мебел направен од даб, не само затоа што е долготраен и убав, туку и поради тоа што зрачи со позитивна енергија.

**Борот** смирува и ја елиминира менталната напнатост. Подолгиот престој во борова шума помага против кашлање, кивање, бронхитис и слични проблеми.

**Буката** ја зајакнува отпорноста на стрес и ја зголемува концентрацијата, поволно влијае и врз циркулацијата.

**Костенот** ги олеснува ревматските заболувања, ја елиминира несоницата и, според народната мудрост, ги потиснува стравот и напнатоста од различно потекло.

Многу од споменативе дрвја дејствува за зајакнување на телото против алергии, но додека алергијата трае, најдобро помагаат парчиња од дрво, особено во периодот на цветање. Во некои источни земји се продаваат вакви парчиња.

Дрвјата покрај тоа што лечат, тие што се засадени околу нашиот дом се еден вид показател за тоа во каква околина живееме и какво ќе биде нашето здравје, бидејќи тие влијаат на просторот во кој растат. Лошата состојба на дрвјата околу куќата е знак дека со околината нешто не е во ред. Затоа добро е да се садат. Некогаш бил убав обичај, кога ќе се роди дете, да се засади дрво, на пример даб и елка за момче, бреза или липа за девојче. Било интересно да се гледа како заедно растат и се развиваат.

**Б. А.**

# Мобилниот телефон не е играчка

„Мораме да разбереме дека мобилниот телефон не е играчка, туку служи како помош за нашата работа, кога технологијата ни е неопходна. Додека не го користиме, тој треба да биде најмалку еден метар од нас“, вели д–р Слободан Дуњиќ.

„Подобро е да гледаме телевизија, телевизијата е подалеку од нас, телефонот е блиску и затоа директно влијае на нашата хипофиза, тој е нашиот главен софтвер, кој влијае на настаните во нашиот организам, влијае на работата на срцето, контролата на шеќерот, се прави хипофизата“, вели тој.

Постои решение за намалување или побезбедно користење на мобилните телефони.

„Треба да го ставиме телефонот на звучник кога разговараме и да го оставиме телефонот настрана, треба да зборуваме покрatко, да се движиме што е можно повеќе бидејќи никогаш не знаеме каде се тие базни станици, така што со поместување ставаме помал стрес на некои точки на нашиот мозок и не ги загреваме дополнително, не ги зрачиме“.

Докторот нагласи дека е императив да водиме сметка како спиеме и со какви уреди сме опкружени.

„Кога спиеме треба да ги исфрлиме сите уреди од спалната соба, правиме се погрешно, го полниме телефонот до креветот, па дури и треба да го исклучиме рутерот бидејќи тогаш не користиме интернет, дури не треба да го користиме мобилниот телефон два часа пред спиење бидејќи од екранот има сина боја која ја блокира нашата хипофиза и лачењето на мелатонинот, а без него сме уморни и нервозни следниот ден“, заклучи д–р Слободан Дуњиќ.

**М. Д.**


НАЈПОВОЛНИ
КЕШ КРЕДИТИ
ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
ДО 75 ГОДИНИ ВО
ИУТЕКРЕДИТ
МАКЕДОНИЈА
До 250 000 ден. на 48 месечни рати
Месечна рата 4 346 денари
Земи 60 000 денари
Рок на отплата 24 рати
Аплицирај за кеш кредит само со лична карта и чек од пензија во експозитурите на ИутеКредит, преку веб страницата www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Парите се достапни за само 10 минути.
iutecredit


2 ПЕНЗИИ
ВО ПЛУС!
Дозволено пречекорување
до 2 пензии!
Добивате: Mastercard Debit Contactless дебитна картичка со која можете да повлекувате готовина од сите банкомати во земјата без провизија.
HALKBANK
ВАЖНИ СЕ ЉУЃЕТО




## Мисли од Макс Планк (1858-1947) германски теоретски физичар. Ја добил Нобеловата награда за физика во 1918 година

♦ Науката не може да ја реши крајната мистерија на природата. А тоа е затоа што во последната анализа и самите сме дел од мистеријата што се обидуваме да ја решиме.
♦ Свеста ја сметам за основна. Ја сметам материјата како дериват од свеста. Не можеме да застанеме зад свеста. Сè за што зборуваме, сè што сметаме дека постои, ја постулира свеста.
♦ Научната вистина не триумфира со тоа што ги убедува своите противници и ги натера да ја видат светлината, туку затоа што нејзините противници на крајот умираат и расте нова генерација која е запознаена со неа.
♦ Целата материја потекнува и постои само врз основа на сила... Зад оваа сила мора да претпоставиме постоење на свесен и интелигентен Ум. Овој ум е матрица на целата материја.
♦ Во сите мои истражувања никогаш не наидов на материја. За мене, поимот материја подразбира сноп на енергија што добива форма од интелигентен дух.
♦ Секој напредок во знаењето не доведува лице в лице со мистеријата на нашето сопствено битие.
♦ Никогаш не може да има вистинска спротивставеност меѓу религијата и науката; зашто едното е дополнување на другото.
♦ Секој кој сериозно се занимавал со научна работа од кој било вид сфаќа дека над влезот на портите на храмот на науката се напишани зборовите: „Морате да имате вера“.
♦ Вистината никогаш не триумфира – нејзините противници едноставно изумираат.
♦ Модерната физика нè научи дека природата на кој било систем не може да се открие со делење на неговите составни делови и проучување на секој дел сам по себе... Мора да го задржиме нашето внимание фиксирано на целината и на меѓусебната поврзаност помеѓу деловите. Истото важи и за нашиот интелектуален живот. Невозможно е да се направи јасен пресек помеѓу науката, религијата и уметноста. Целината никогаш не е еднаква едноставно на збирот на нејзините различни делови.
♦ На научникот му треба уметнички креативна имагинација.
♦ Егото е непосреден диктат на човечката свест.
♦ Експериментот е единственото средство за знаење со кое располагаме. Се друго е поезија, имагинација.
♦ Никогаш не може да има вистинска спротивставеност меѓу религијата и науката; зашто едното е дополнување на другото. Секој сериозен и рефлективен човек сфаќа, мислам, дека религиозниот елемент во неговата природа мора да се препознае и негува доколку сите сили на човечката душа сакаат да дејствуваат заедно во совршена рамнотежа и хармонија. И навистина не случајно најголемите мислители на сите времиња беа длабоко религиозни души.
♦ Една нова вистина секогаш мора да се соочи со многу тешкотии. Да не беше така, ќе беше откриена многу порано.

**Маја Белева**

## КРСТОЗБОР




**Решение:** Виолета Томовска, индоктринација, негри, крилен, ре, аро, патарен, ела, ртв, Ани Жирардо, сноп, тк, з, ае, а, торино, пасторка, вс, ос, сомерсет, отон, лив, н, кеш, м. ле, к, аре, плик, ал, палата, метропола, потстанари.

## Хумор

– Знаеш ли Трпе дека и изолацијата има добри страни?
– Кои?
– Да не се случеше, никогаш не би знела дека во кило ориз има 2879 зрнца.

* * *

– Знаеш ли Цветко како човекојадците ги нарекуваат атлетичарите?
– Како?
– Фаст фоод!

* * *

– Што ти рече лекарот Маре?
– Кога ќе оздравам да ме носиш 2 недели на море и 2 недели на бања.
– Каде прво ќе ме носиш?
– На друг лекар!

* * *

Влегува маж во автобус и го прашува возачот:
– Дали се наплаќа за цвеќе?
Возачот му вели:
– Не.
Тогаш мажот се врти и вели:
– Ружо влегувај!

* * *

– Не можам да разберам зошто мажот ми постојано ме вика „ластовичке“?
– Затоа што посакува да одлеташ на некое време.

* * *

– Знаеш ли Трпано како кинез држи диета?
– Не.
– Јаде со едно стапче.

* * *

Се сретнале Тарзан и глушец и Тарзан му вели:
– Како бе ти толку мал, а имаш мустаќи?
– А како ти толку голем, а се уште носиш пелени!

* * *

– Што е среќа во несреќа?
– Да те удри евтина струја.
– А што е несреќа во среќа?
– Да се наоѓаш на сред пустина, да умираш за вода, а да имаш вода во коленото!

* * *

– Мамо, мамо, тате е пак пијан.
– Како знаеш, сине?
– Па, веќе половина час го бричи огледалото.

* * *

Во Шкотска:
– Тате, тате од радијаторот капе жешка вода!!!
– Леле, немој да капе на подот!!! Брзо земи едно тенџере и стави во него кесичка чај.

* * *

Едно момче и вели на една госпоѓа во години:
– Извини бабо, ќе ми кажеш ли како можам да стигнам до градска болница????
– Кажи ми „бабо“ уште еднаш и веднаш ќе се најдеш таму.

* * *

– Госпоѓо, маж ви денес изгледа прекрасно во ова ново одело.
– Тоа не е маж ми во ново одело. Тоа е мојот нов маж.

* * *

– Келнер! Какво е ова пиле? Само коски и кожа !
– Да не ги сакате вие и пердувите да ви ги донесам ?

## Мува

Паднала мувата во лонец со мрсна чорба. Се најала како никогаш дотогаш. Потоа сакала да излезе, но не можела бидејќи нозете и пропаднале во маста. Почнала да мавта со крилјата но и крилјата и се намастиле. Колку повеќе се трудела да излезе, толку повеќе се давела. Тогаш почнала самата на себе да си зборува:
– Оф колку сум несреќна! Зар треба да загинам тогаш кога најдобро се најадов, напив и избањав?!

**ПОУКА:** Така е кога луѓето што сакаат да уживаат се и лакоми! Тешко им е да се раздelат од уживањето, па затоа жалат и тагуваат, ризикувајќи дури и животот да го изгубат.



Состанок со ЈП „Национални шуми“ во СЗПМ

# Огревно дрво на рати за пензионерите

Во просториите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија на 7 февруари 2023 година се одржа состанок во врска со проблемите околу набавката на огревно дрво. На состанокот покрај Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, присуствуваа претставници од ЈП „Национални шуми“ Жарко Анастасијевски и Валентина Дерибабова и претседатели од повеќе здруженија на пензионери од Македонија. На почетокот Претседателката на Сојузот ги поздрави претставниците од ЈП „Национални шуми“ и присутните претседатели од здруженијата на пензионери. Таа нагласи дека во текот на повеќе години Сојузот редовно организира средби со претседателите на здруженијата на пензионери и претставници на ЈП „Национални шуми“. На оваа средба е потребно да се нотираат проблемите со кои се среќаваат во здруженијата на пензионери во врска со снабдувањето на огревно дрво, со цел да се надминат, а која тема е постојано присутна на овие состаноци.



Во текот на состанокот, претседателите на здруженијата на пензионери ги истакнаа проблемите со кои се среќаваат околу набавката на огревно дрво. На присутните им се обрати претставникот од ЈП „Национални шуми“ кој нагласи дека иако има проблеми околу обезбедување доволни количини дрва, ќе сторат сè што е во нивна надлежност за да бидат испорачани сите договорени количини на огревно дрво. После тоа дискусијата се продолжи со поединечно истакнување на проблемите од претседателите на здруженијата.

На крајот претседателката Трајкова ги предложи следните заклучоци:

1. Да се подготват унифицирани договори за набавка на дрва, а „Национални шуми“ да ги достават до подружниците и истите да се применуваат од страна на здруженијата. Во однос на содржината на договорот, треба да се внимава на онаа одредба којашто е значајна, а тоа е во однос на висината на цената на дрвата.

2. Плаќањето на дрвата да биде првата рата како што стои во договорот, а понатака уплатата да се врши по дотур на дрва.

3. Да се гарантира договорената цена и истата да не се зголемува од страна на економскиот оператор.

4. За склучување на договори со економските оператори кои имаат лиценца за обезбедување дрва, здруженијата на пензионери да се обратат до ЈП „Национални шуми“, за добивање на препорака.

5. При склучување на договорите да се однесува нарачката на огревно дрво само за корисниците на пензија.

На состанокот беше истакнат проблемот со набавката и со дотурот на дрвата од страна на операторите кои се клучниот фактор, а на кои „Национални шуми“ им дава препораки предност за добивање на дрвата да имаат пензионерите како ризична целна група.

**Васил Пачемски**

ЗП Пробиштип

# Заокружување на Проектот „Социјална карта“

На 25 јануари 2023, во посета на ЗП Пробиштип престојуваше претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова, заедно со Јован Мазгански, учесник во создавање на проектот Социјална карта. Целта на посетата беше да се направи увид во изготвување на социјалните карти на пензионерите, како и едукација на членови на ова здружение кои учествуваат во реализација на овој проект.

Средбата се одржа во просториите на пензионерскиот дом и на истата покрај претседателот и секретарот на ЗП Пробиштип, присуствуваа и ангажираните пензионери за изработка на социјалните карти, а претседателот ја запозна Претседателката со активностите на здружението во изминатата година, како и за планирањата во тековната. Стана збор за насоките за избори од Сојузот и како се планира да течат истите во ЗП Пробиштип.



На средбата се одржа и едукативна работилница од страна на Јован Мазгански, на која беа дадени и упатства како полесно и поедноставно да се дојде до потребните податоци. Присутните беа презадоволни од она што им беше презентирано, се заблагодарија за сè што им беше дообјаснето, а воедно се заблагодарија и за присуството на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, за нејзиното присуство на кое се интересираше за сè што е поврзано со активностите на пензионерите, како им е организирано слободното време, колку се вклучени во слободните активности како што се спортот, културата и други слични активности.

По средбата, Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасиев, беа гости и на локалната телевизија каде Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова се осврна на активностите на Сојузот, за грижата што се води за членството, за активностите на здруженијата и друго преку кои се анимирани голем број на пензионери кои не само што се рекреираат, туку го забавуваат и своето стареење.

Претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасиев, во своето излагање посебно ја истакна помошта која е дадена на членовите кои се во групата на социјални случаи, со минимални примања или болни пензионери. Исто така зборуваше за подготовките за настапите на манифестациите што ќе ги организира Сојузот, како и на општинските активности.

**М. Здравковска**

ЗП Демир Хисар

# Борис-Бабарот и гајдата

Гајдата, покрај кавалот и тапанот е еден од најпознатите традиционални изворни инструменти и била исклучително распространета како еден од најчесто употребуваните инструменти во Македонија, со големо влијание во одржување на автентичната вокална, инструментална и игроорна традиција.

79–годишниот демирхисарски пензионер Борис Талевски – Бабарот, цел живот свири на македонскиот, скоро заборавен традиционален инструмент – гајда и е единствениот гајдаџија од постарата генерација во Демирхисарско.

Со свирење почнал многу одамна, уште како мал, кога слушајќи го неговиот татко и другите гајдаџии кои свиреле на селска слава во родното село, му се родила желбата да почне и тој да ја „дува“ гајдата.

– Најпрво фамилијата ја малтретирав додека се научив да свирам а потоа и сите комшии – на шега ни вели Борис за неговите почетоци.

Борис многу брзо научил да владее со овој инструмент, кој има несекојдневен звук и предизвикува необични чувства кај оние што го слушаат. Свирел на многу веселби, за празници и слави, на свадби, жетви... Свирел и настапувал на многу турнеи и концерти и со КУД Крсте П. Мисирков од Демир Хисар.

– Убаво е да се негува и чува традицијата – ни вели, оти изворните песни и ора отсвирени на гајда се симбол на македонскиот идентитет, на македонскиот непокор и борбата да се биде свој на своето.

Борис потекнува од демирхисарското планинско село Лесково, каде што културното живеење се одбележувало во славење и празнување на верските празници, а сето тоа збогатено со звуците на гајдата.

– На тие денови, селаните се дотеруваа во најубава облека и излегуваа на сретсело каде играа и пееја и ги гледаа играорците и игроорките како убаво играат. Се до педесеттите години најпопуларен инструмент беше гајдата. Во селото имаше повеќе гајдаџии. На ваквите слави се разигруваа невестите и додека тие играа, татковците на нивните момчиња се натпреваруваа кој поголема пара да залепи на гајдаџијата. Најмногу се свиреа и играа Куцаното, Беранчето, Невестинското – се присетува нашиот соговорник.

Инаку, гајдата потекнува од Азија а многу се употребувала во стариот Рим, од каде што римските војници ја донеле на Балканот. Се состои од мешина, гајдурка, дувало и брчало. Мешината се прави од кожа од јаре или јагне, која се суши и се мачка со свинска маст за повеќе да трае. Гајдурката се прави од дрво зеленика и дрен и има 6 или 8 дупки и има такви тонови што може да се свири и пее секоја македонска песна. Дувалото е дрвено, тркалезно цевче а брчалото е направено исто така од дрво и произведува континуиран тон.

Многу војни и ропства нашиот народ поминал лечејќи ја тагата со нејзиниот звук. Секоја гајда е единствена и сите се уникатни по звукот и изгледот и како и кај сите традиционални инструменти така и секој гајдаџија си има своја техника на свирење со украсување на мелодијата што се разликува од останатите па така свирењето е најчесто разиграно и весело.

Кога гајдаџијата свирел, обично стоел на средина од орото и за цело време се вртел, час кај едни, час кај други, а со тоа на игроорците им го правел мераккот, кефот.

– Пред 40–50 години тоа беше златно време за гајдите. Подоцна, со доаѓањето на хармониката, гајдата полека губи на значење. Ние сме таков народ, сакаме сè што не е наше и тоа ни е поинтересно, па така за брзо време се откажавме од овој преубав стар инструмент – ни вели Борис.

Сега, на овие негови години ретко свири, и како што ни вели „прстите слабо ми мрдаат“ но понекогаш знае да ја надуе, за мерак што се вели и да отсвири некое македонско оро.

Додека заминувам од домот на Талевски, доминантниот звук од неговата гајда силно се огласуваше, како парче од неговата душа, како дел од неговиот живот, плетејќи чудесни филигрански везови со фасцинантни мелизми.

**Зоран Стевановски**

ЗП Свети Николе

# Прослава за празникот „Свети Николај“

Свети Николе е малото гратче сместено во Овчеполието. Го носи името на светецот Свети Николај кој е и патрон на градот. Здружението на пензионери во Свети Николе го носи истото име. Заради ова пензионерите од Свети Николе го слават овој ден со посебно внимание и голема почит. Свети Николај е познат како Никола Чудотворец во целиот христијански свет и на Исток и на Запад. Почитуван е како заштитник на морепловците, трговците, учениците и децата. Го споредуваат со Дедо Мраз бидејќи тајно им подарувал пари на сиромашните, а на децата им давал подароци. Во некои земји Свети Николај се слави како детски празник. Овој празник се слави во многу градови во Македонија, а се слави и како имендена.



Како многу години наназад ЗП Свети Николе и оваа 2022 година го прослави овој двоен празник. По тој повод во пријатна атмосфера и убав амбиент во хотелот „Илинден“ во село Црнилиште се сретнаа пензионерите од повеќе здруженија и тоа: ЗП Илинден, ЗП Велес, ЗП Струмица, ЗП Пробиштип, ЗП Куманово, ЗП Крива Паланка, ЗП Прилеп, ЗП Делчево, ЗП Македонска Каменица, ЗП Лозово... Домаќинот ЗП Свети Николе се погрижи на драгите гости престојот да им го направи што попријатен и незаборавен. На средбата присутните прво ги поздрави и им посака добредојде претседателот на ЗП Свети Николе Никола Атанасов. Со својата присутност оваа свечена средба ја увеличa и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и потпретседателот на ИО Ментор Коку. Со топли искрени зборови претседателката ги поздрави присутните, им посака добро здравје и активно стареење. Претседателката Трајкова се задржа на темата која најмногу ги засега пензионерите, на растот на пензиите и здравствената и социјалната сигурност. Пензионерите беа видно задоволни што е и таа меѓу нив. Доброто расположение и овој пат како многу пати до сега, со пензионерите го споделија и присутните од Локалната самоуправа. Градоначалникот Дејан Владев и претседателката на Советот на општината Валерија Иванова.

Околу 260 пензионери на овој ден се дружеа со песна и ора. Изгледаше дека никој од нив не е во поодминатите години, туку во најубавите. Навистина беше задоволство да се гледа како играат и пеат.

**Вукица Петрушева**

## ИН МЕМОРИАМ Димитрија Богатиноски



Во предвечерието на Новата 2023 година згасна животот на Димитрија Богатиноски, претседател на ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје, истакнат и долгогодишен активист, организатор и раководител во пензионерската организација во Македонија, како резултат на неговото образованието, искуство и интелектуален капацитет.

По пензионирањето во 2002 година, Богатиноски се зачленува во ЗП Кисела Вода, и како докажан активист е избран за претседател на Извршниот одбор, а во 2006 година и за претседател на здружението на која функција е сè до раздружувањето и формирањето на ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје, каде што на 1 април 2011 година беше поставен за претседател на здружението и на таа должност остана до крајот на животот.

Неговата агилност и способност беа препознаени и од раководството на СЗПМ, каде што беше избран за член на Извршниот одбор и член на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. Богатиноски беше член и на Извршниот одбор на СЗП на град Скопје и претседател на Градскиот сојуз. Најголем дел од постигнувањата на ЗП Солидарност – Аеродром се резултати на неговото ангажирање како претседател на здружението. Масовното присуство на неговото последно испраќање на коешто покрај членовите на семејството, роднините, пријателите и членовите од ЗП Солидарност – Аеродром, како и целото раководство на СЗПМ, се доказ за неговото значајно ангажирање во пензионерското организирано дејствување, но и како човек, пријател, другар.

**СЗПМ**

## ИН МЕМОРИАМ Борис Шуминоски



Во предвечерието на Новата 2023 година, на 80–годишна возраст престана да чука срцето на долгогодишниот соработник на весникот „Пензионер плус“, Борис Шуминоски.

Дипломирал на УКИМ. Долги години успешно работеше како јазичен редактор во Македонскиот народен театар. Како резултат на неговите залагања за пошироко запознавање со модерната македонска литература, со години објавува текстови за видни македонски писатели во пензионерскиот весник „Пензионер плус“. Поради успешноста и интересот за неговите текстови, се роди идејата да остави литературен аманет за поколенијата. Ја издаде својата вредна книга насловена со „Чувај го зборот“. Борис Шуминоски активно учествуваше и во пензионерскиот живот во својата општина, но и пошироко. Беше активен, а одреден период и претседател на Клубот на љубителите на книгата, при ЗП „Солидарност – Аеродром“, кој го водеше повеќе години. Посебна преокупација му беше Македонија. Несебично се вложуваше да го збогатува македонскиот јазик, литературното творештво, традициите, историјата. Сеќавањето на него ќе го чуваме како добар пример на посветеност, чесност и добар и благороден другар.

**СЗПМ**